UDK 347 961 | ISSN 1857-5854



број 39 | јуни 2022 | година 22

39

НОТАРСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# НОТАРИУС

CHAMBRE DES NOTAIRES
DE LA RÉPUBLIQUE
DE MACÉDOINE DU NORD

# 39

**НОТАРСКА КОМОРА**
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# НОТАРИУС

**CHAMBRE DES NOTAIRES**
DE LA RÉPUBLIQUE
DE MACÉDOINE DU NORD




Издавач:
**НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Главен и одговорен уредник:
нотар **Светлана Китановска**

Редакциски одбор (по азбучен ред):
нотар **Јасмина Карталова Баснаркова,**
нотар **Нашата Велеска,**
**Садула Изаири,** судија во Основен суд Тетово
Проф. д-р **Горан Коевски,** редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје
нотар **Прпарим Реџепи,**
нотар **Цеца Малева Стоев,**

Адреса:
**НОТАРСКА КОМОРА НА РСМ**
бул. „8 Септември” бр. 2/2, 1000 Скопје,
Тел.: 02 3115 816
Секретар: 078 219 867
e-mail: contact@nkrm.mk
www.nkrm.org.mk
Даночен број: MK 4030998346127
Жиро сметка: 240010000006382
УНИ БАНКА АД Скопје

Лектор:
**ЗОРИЦА МАНАСКОВА**

Графички дизајн и техничко уредување:
**СТУДИО КРУГ Скопје**

Печати: **ПРОПОИНТ Скопје**

Тираж: **300** примероци


Изнесените ставови и мислења и презентираните факти во трудовите објавени во Нотариус се на авторите и не секогаш ги одразуваат ставовите и мислењата на издавачот.

Дел од терминологијата која се користи во текстовите, специфична за проблематиката на темите во весникот, е оставена онака како што мислеа авторите, без поголема лекторска анализа.

Од лекторот

# НОТАРИУС 39

# СОДРЖИНА >>


**ГЛАВА I**
КОДЕКС НА ПРОФЕСИОНАЛНАТА ЕТИКА НА НОТАРИТЕ . . . . . . . . . . . . . . 5

КОДЕКС НА ПРОФЕСИОНАЛНАТА ЕТИКА НА НОТАРИТЕ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 7

**ГЛАВА II**
СТРУЧНИ ТЕМИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 21

ДАЛИ ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ПРИСУСТВО НА АДВОКАТ ВО ОСТАВИНСКАТА ПОСТАПКА
ГО ОЛЕСНИ ОСТВАРУВАЊЕТО НА НАСЛЕДНИТЕ ПРАВА
д-р Ангел Ристов - редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје . . . . . . . . . 23

**ГЛАВА III**
МАТЕРИЈАЛИ УТВРДЕНИ ОД СТРУЧЕН СОВЕТ
И УСВОЕНИ ОД УПРАВЕН ОДБОР . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 33

ПРАВНО МИСЛЕЊЕ ЗА ИЗЗЕМАЊЕ НА НОТАР ВО ОСТАВИНСКА ПОСТАПКА . . . . . . . . . . . . . . . 35

ПРАВНО МИСЛЕЊЕ ЗА УЧЕСТВО НА АДВОКАТ ВО ОСТАВИНА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 38

ПРАВНО МИСЛЕЊЕ ЗА СОСТАВУВАЊЕ ТЕСТАМЕНТ ЗА ИДЕН ИМОТ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 40

ПРАВНО МИСЛЕЊЕ ЗА НОТАРСКА НАГРАДА ЗА УПИС ВО АКН . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 42

ЗАКЛУЧОК ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ТРОШОЦИ ВО НПН ПОСТАПКА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 44

**ГЛАВА IV**
ОДЛУКИ ЗА ИЗБОР НА ОРГАНИ НА НОТАРСКА КОМОРА . . . . . . . . . . . . 47

ОДЛУКИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ И ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ НА ДИСЦИПЛИНСКИ СОВЕТ . . . . . . . . . . 49

ОДЛУКИ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНКУРС
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА НОТАРИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 50

ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ВРШЕЊЕ НАДЗОР НАД ПРИМЕНАТА
НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ . . . 51

# СОДРЖИНА >>

**ГЛАВА V**
ГОДИШНИ ПЛАНОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НАДЗОР . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 55

ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРШЕЊЕ НАДЗОР ВО 2022 ГОДИНА
ОД СТРАНА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА НКРСМ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 57

СПИСОК НА НОТАРИ НАД ЧИЕ РАБОТЕЊЕ ЌЕ СЕ ВРШИ НАДЗОР ОД СТРАНА НА
УПРАВНИОТ ОДБОР НА НКРСМ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 58

ГОДИШЕН ПЛАН ЗА 2022 ГОДИНА ЗА ВРШЕЊЕ НАДЗОР НАД ПРИМЕНАТА НА МЕРКИТЕ И ДЕЈСТВИЈАТА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ ОД СТРАНА НА НОТАРИТЕ . . . . . . 59

СПИСОК НА НОТАРИ НА КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИЗВРШИ НАДЗОР НАД РАБОТЕЊЕТО
ВО 2022 ГОДИНА ВО ДЕЛОТ НА ПРИМЕНА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 62

**ГЛАВА VI**
ЈАВНИ ОПОМЕНИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 63

# ГЛАВА I

## КОДЕКС НА ПРОФЕСИОНАЛНАТА ЕТИКА НА НОТАРИТЕ

Во согласност со член 121 став (1) точка а) од Законот за нотаријатот (Сл. весник на РМ бр. 72/16, 142/16 и 233/18) и член 23 став (1) точка б) од Статутот на Нотарската комора на Република Северна Македонија (пречистен текст од 11.7.2020 година), Собранието на Нотарската комора на Република Северна Македонија на редовната седница одржана во Скопје на ден 16 април 2022 година, донесе

# КОДЕКС НА ПРОФЕСИОНАЛНАТА ЕТИКА НА НОТАРИТЕ

## ПРЕАМБУЛА

*Ние, нотарите на Нотарска комора на Република Северна Македонија,*

*- Со цел да го унапредиме владеењето на правото, правната сигурност, правниот живот во државата, како и одговорноста и угледот на нотаријатот,*

*- Убедени дека моралните и етичките норми на однесување на нотарите ќе придонесат за унапредување и развој на нотарската служба, во интерес на граѓаните и правните субјекти,*

*- Посветени на почитување на законите, одговорно, професионално и ефикасно работење,*

*- Поаѓајќи од потребата во правилата за вршење на нотарската дејност (нотарската служба) да се вградат принципите утврдени во Универзалната декларација на човекови права, Европската конвенција за заштита на човековите права (ЕКЧП) и темелните вредности на Уставот на Република Северна Македонија, како и Законот за нотаријатот, а со цел за почитување и унапредување на човековите права и основни слободи,*

*- Имајќи предвид дека начелото на законитост бара нотаријатот како јавна служба, како и секој нотар поединечно, да ја вршат нотарската дејност со висок степен на професионална одговорност, а тоа значи слободно, независно, самостојно, стручно, непристрасно, совесно и чесно, во согласност со Уставот и законите на Република Северна Македонија,*

*- Со оглед на тоа што вршењето на нотарската дејност обезбедува правна сигурност на правниот промет и пред сè превентивна правда за граѓаните и за правните лица,*

*- Убедени дека почитувањето на човековите права и човековото достоинство произлегуваат од правните и етичките должности на нотарот, кои се темелат врз дадената јавна доверба потврдена од граѓаните и од другите правни субјекти,*

*- Потврдувајќи дека нотаријатот е составен дел од правосудниот систем на државата, вршејќи доверени јавни овластувања со кои на граѓаните и на правните субјекти им се обезбедува ефикасно и поедноставно остварување на нивните права во правниот живот,*

*- Имајќи ги предвид европските стандарди и најдобрите практики во вршењето на професијата, која нотаријатот ја препорачува како начин на унапредување на ефикасноста на правосудството,*

*како и Препораката бр. Р86 (12) на Комитетот на министри на Советот на Европа, која се однесува на мерките за спречување и намалување на оптовареноста на судовите,*

*- Свесни дека од начинот на работа и однесување на секој нотар индивидуално зависат значењето и угледот на нотаријатот како целина, од исклучителна важност е востановувањето, почитувањето и унапредувањето на стандардите на професионалната етика на нотарите,*

*- Поаѓајќи од основните цели и принципи на нотарската деонтологија и правилата на нотарското работење усвоени на општата седница МУНЛ во Лима, 8 октомври 2013 година, а врз основа на членот 50 од Уставот на РСМ и Законот за нотаријатот, Собранието на Нотарската комора на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 16 април 2022 година во Скопје, донесуваме:*

# КОДЕКС НА ПРОФЕСИОНАЛНАТА ЕТИКА НА НОТАРИТЕ

## Предмет на уредување

1. Кодексот на професионална етика на нотарите (во натамошниот текст: Кодекс) ги утврдува начелата и правилата на морално и етичко однесување на нотарите во вршењето на нотарската служба и надвор од неа, со цел унапредување на достоинството на нотарите и зацврстување и одржување на угледот на нотаријатот како јавна служба.

# I. ОСНОВНИ НАЧЕЛА

2. Основни начела на Кодексот на професионална етика на нотарите се: стручност, законитост и совесност, независност и непристрасност, самостојност, неспојливост, достојност, доверливост, одговорност и почитување на човековите права.

3. Составен дел на овој Кодекс се и начелата на нотарска етика на Меѓународната унија на латински нотаријати, доколку не се во спротивност со позитивните прописи на Република Северна Македонија.

## Стручност

4. Нотарот својата нотарска дејност, односно своите службени овластувања и должности ги врши стручно, обезбедувајќи законитост и полноважност на нотарските исправи, заверките и другите нотарски услуги, и со својата работа, знаење и однесување се погрижува за тоа да ја оправда и зацврсти довербата на странките кон нотаријатот.

4.1. Нотарот врши претходна соодветна подготовка од аспект на примена и толкување на правото при преземање на секое конкретно службено дејство, почитувајќи ги стандардите на нотарската служба.

4.2. Нотарот постојано се усовршува стручно и го надоградува своето знаење со редовна едукација што му ја обезбедува Нотарската комора, со следење на прописите од областите на нотарската и судската практика.

4.3. Проширувањето на своето правно и општо образование е особено важно за почитување и негување на професионалните етички вредности во вршењето на службата, и со своето однесување но-

тарот треба да служи за пример на хуманиот однос и почитување и заштита на човековите права и слободи и човековото достоинство.

4.4. Со високото професионално вршење на нотарската служба и учеството во активностите на правничките домашни и меѓународни здруженија, нотарите треба да даваат придонес во унапредувањето на правниот и правосудниот систем, особено во развојот и унапредувањето на нотаријатот како современа и угледна правосудна јавна служба.

## Законитост и совесност во постапувањето

5. Основно законско и етичко начело и должност на нотарот е нотарската служба да ја врши во согласност со Уставот, законите и другите прописи, добрите обичаи, моралот и начелото на совесност и чесност.

5.1. Начелото на законитост се изразува во доследното почитување на формата и содржината на нотарските исправи, пропишани со законите и соодветните пропишани правила при преземање на секое службено дејствие.

5.2. Совесноста на нотарот се изразува преку грижливо, внимателно и навремено постапување при преземањето на потребните дејствија, со што се стекнува довербата кај странките.

5.3. Нотарот ги штити интересите на странките кои се во согласност со законите и другите прописи, однесувајќи се непристрасно, совесно и чесно во утврдувањето на нивната вистинска волја.

5.4. Нотарот може да одбие преземање службено дејствие само ако за тоа има причини утврдени со законот.

## Независност и непристрасност

6. Нотарот е независен и непристрасен во вршењето на својата нотарска работа.

6.1. Нотарот постапува независно и непристрасно при преземањето на секое службено дејствие, имајќи ги предвид барањата и волјата на странките и позитивното право, Статутот на Нотарската комора и Кодексот.

6.2. Нотарот е неутрален во вршењето на службените дејствија и избегнува какви било субјективни влијанија, водејќи сметка за обезбедување на законитоста и почитување на волјата на странките.

6.3. Нотарот води сметка да не дојде под сомнение неговата непристрасност, не нарушувајќи го достоинството и угледот на нотарот и на нотарската служба.

## Самостојност

7. Нотарот е самостоен во вршењето на нотарската дејност во рамките на ограничувањата предвидени со закон и актите на Нотарската комора.

7.1. Нотарот самостојно одлучува за:

- организацијата на работата во нотарската канцеларија,
- ангажирање заменик-нотар и вработување помошник, соработници, приправници и административни лица,
- начинот на работата, едукацијата и работните задачи на вработените,
- располагање со средствата остварени од својата работа.

7.2. Нотарот самостојно одлучува за учество во јавни расправи за работата на правосудните институции и за правни прашања од општо значење.

7.3. Нотарот по свое наоѓање членува во стручни и во професионални здруженија.

## Неспојливост

8. Нотарот се придржува кон утврдените законски забрани за вршење друга дејност или функција.

8.1. Нотарот може да врши функции и должности во Комората и во меѓународни нотарски здруженија.

8.2. Нотарот може да врши научни, уметнички и хуманитарни дејности или настава од таков карактер, да учествува во арбитражи или да врши функции во непрофитни и неполитички организации.

## Достојност

9. Нотарот постапува совесно и чесно во вршењето на нотарските работи придонесувајќи за угледот и довербата во нотаријатот.

9.1. Нотарот достоинствено ја врши нотарската служба во нотарската канцеларија и надвор од неа.

9.2. Во вршењето на својата служба во нотарската канцеларија, во јавните настапи и во приватниот живот достапен на јавноста, нотарот го чува сопствениот углед и угледот на нотаријатот како јавна служба.

9.3. Со професионалното вршење на нотарската служба, нотарот придонесува и го потврдува значењето на нотаријатот во правниот систем.

## Доверливост

10. Нотарската дејност треба да води кон стекнување и одржување на довербата на странките.

10.1. Нотарот ја чува нотарската тајна, без огледа тоа дали е добиена од странката или на друг начин.

10.2. Нотарот не коментира податоци сознаени во вршењето на службата, кои преставуваат нотарска тајна.

10.3. Обврската на чување на нотарската тајна е трајна, освен ако странките не го ослободат од таа обврска или ако тоа ослободување е пропишано со закон.

10.4. Нотарот се грижи за чување на нотарската тајна и приватноста на странките.

## Одговорност

11. Нотарот лично одговара, согласно со начелата на независност и самостојност, за своите одлуки и постапувања во вршењето на нотарската служба.

11.1. Нотарот во преземањето на службените дејствија треба да биде свесен за својата одговорност и во согласност со тоа да ја усогласува работата во нотарската канцеларија и своите постапувања во работењето.

11.2. Нотарот со своето примерно однесување се грижи за одржување на редот и мирот во нотарската канцеларија.

11.3. Нотарот со внимание и во разумен рок ги разгледува барањата на странките и постапува во согласност со закон, давајќи потребни објаснувања за правните последици од преземените правни работи.

### Почитување на човековите права и слободи

12. Со своето однесување и постапување во вршењето на нотарската служба и преземањето на службените дејствија, нотарот треба да ги почитува основите човековите права и слободи.

12.1. Нотарот ја почитува еднаквоста на граѓаните во остварувањето на граѓанските слободи и права, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

12.2. Во работата на нотарот забранета е дискриминација во кој било облик и по која било основа.

12.3. Нотарот не смее да учествува на кој било начин во коруптивни дејствија и активности кои доведуваат до негова подреденост, зависност и злоупотреба на правото.

## II. ОДНОС КОН СТРАНКИТЕ И ЈАВНОСТА

### Лојална конкуренција

13. Нотарите се еднакви и рамноправни помеѓу себе во вршењето на нотарските работи, со доследно и целосно почитување на начелото на слободен избор на нотарот.

13.1. Угледот и довербата на нотарот се засноваат на неговата професионална стручност и неговата способност, кои ги стекнува со работа, посветеност и со чесно и совесно однесување.

13.2. Странките, врз основа на слободно изразена волја, спогодбено го избираат нотарот.

### Забрана на нелојална конкуренција

14. Нотарот не смее да ги врши нотарските работи, ниту да привлекува странки на нечесен, неморален и недозволен начин, кои се во спротивност со забраната за нелојална конкуренција.

14.1. Нотарот не смее да привлекува странки по пат на понуда, посредници, реклами, директни и индиректни притисоци, повикување на добри врски, политички конекции, симпатизерства и сл.

14.2. Нотарот не смее да ја истакнува својата поранешна професија или јавна фукција заради привлекување странки.

14.3. Нотарот не смее да договара и да наплатува за извршените нотарски услуги спротивно на нотарската тарифа, да ветува и да дава провизија на трети лица за привлекување странки, ниту да дава и да врши други погодности и привилегии со цел придобивање странки.

14.4. Нотарот не смее да дава понуди за вршење службени работи во земјата или во странство во средствата за информирање или по пат на интернет страница, циркуларен допис или леток.

14.5. Нотарот не смее да омаловажува други нотари или да изјавува пред странките во кој било облик критика поврзана за работата или однесувањето на друг нотар.

14.6. Нотарот не смее да ги врши службените работи надвор од канцеларијата, освен во законски предвидените случаи.

14.7. Нотарот не смее да ја означува нотарската канцеларија со ставање обележја во нападен облик и/или содржина спротивно на законските и подзаконските акти.

14.8. Нотарот не смее да организира или да користи услуги на посредници, агенти или трети лица кои го рекламираат.

14.9. Нотарот не смее да поседува сопствена веб-страница, без оглед на содржината што се објавува на неа.

## Дозволени начини на претставување

15. Дозволени се начините на претставување со кои се почитува начелото на еднаквост и рамноправност меѓу нотарите, како и колективно промовирање на нотаријатот како јавна служба.

15.1. Не се смета за рекламирање изнесувањето основни податоци за нотарот, доколку овие податоци се претставуваат преку интернет страницата на Нотарската комора и изнесувањето основни податоци за името, местото и подрачјето на судот за кој нотарот е именуван, број на телефон и електронска адреса, степен на образование, стручна подготовка, ако овие податоци се претставени на одмерен начин, вистинито и без самопофалба, во објавени стручни трудови или публикации.

15.2. Не се смета за рекламирање истакнувањето документи, признанија и сертификати во нотарската канцеларија со научно звање и други признати титули и својства.

## Настапување во јавност

16. При јавно настапување, на стручни собири, учество во работни тела и во средствата за јавно информирање, нотарот особено води сметка за својот углед и за угледот на нотаријатот.

16.1. Нотарот за кој во средствата за јавно информирање се пишува и се зборува на начин со кој се нанесува штета на личниот углед на тој нотар или на нотаријатот, може да побара од Нотарската комора јавно да се огради од таквото известување и да побара исправка на неточните, невистинити и непотполни информации. Ако Нотарската комора не го направи тоа во разумен рок, нотарот може самиот да се огради јавно од таквото известување.

16.2. Нотарот може да учествува во средствата за јавно информирање по лично наоѓање, почитувајќи ги ставовите и мислењата на Нотарската комора.

16.3. Нотарот може да ја извести јавноста за отворање канцеларија или за промена на седиштето на канцеларијата.

16.4. Во интерес на нотаријатот, освен Нотарската комора, и секој нотар поединечно може да презема активности за известување на јавноста за принципите и придобивките од нотаријатот.

# III. РАБОТЕЊЕ И ОДНЕСУВАЊЕ ВО НОТАРСКАТА КАНЦЕЛАРИЈА И ОДНОС СПРЕМА ВРАБОТЕНИТЕ

17. Нотарот ги почитува утврдените стандарди за просторните услови за работа и опременост и се грижи за тоа нотарската канцеларија секогаш да е уредна.

17.1. Нотарот не може да ги врши службените работи надвор од нотарската канцеларија и надвор од определеното работно време, освен во случаи определени со законот и подзаконските акти.

17.2. Нотарот и вработените во нотарската канцеларија се однесуваат коректно, професионално и со должно внимание кон барањата на странките.

17.3. Нотарот службата ја извршува во облека (дрес код) која е соодветна за достоинството на нотарската служба.

17.4. Во случаи кога во постапката пред нотарот во својство на странка учествуваат повеќе лица, тој е должен да ги штити нивните интереси подеднакво, без оглед на тоа кој го поднел барањето за преземање службени дејствија и без оглед на тоа кој ги сноси трошоците на постапката и нотарската награда.

17.5. Нотарот и вработените во нотарската канцеларија при извршувањето на нотарските службени должности не смеат да примаат подароци, награди и друг вид нематеријални бенифиции, што може да влијае врз преземените нотарски дејствија и составените нотарски исправи.

17.6. Нотарот уредно и ажурно ги води предметите и архивата, по редоследот како што се примени во нотарската канцеларија, како и евиденција за роковите во кои треба да ги преземе службените дејствија, така што во секое време може да се утврди состојбата на предметот.

17.7. Нотарот ја почитува личноста и достоинството на вработените, обезбедувајќи нормални услови за непречено исполнување на нивните обврски.

17.8. Нотарот дава потребни упатства за работа и ги пренесува своите стручни знаења на вработените во нотарската канцеларија.

17.9. Нотарот им укажува на вработените на обврската за чување на нотарската тајна, за односот кон странките и за меѓусебниот однос на вработените.

17.10. Нотарот ги запознава вработените со Кодексот на професионална етика на нотарите во интерес на довербата во нотарската служба.

17.11. Нотарот посветува особено внимание во работата со нотарските приправници заради нивно стручно оспособување.

# IV. ОДНОС СПРЕМА ДРЖАВАТА, СУДОВИТЕ И ДРУГИТЕ ДРЖАВНИ ОРГАНИ

18. Нотарот, како вршител на јавни овластувања, својот однос кон државата го изразува со тоа што нотарската служба ја врши слободно, независно, самостојно и стручно, врз основа на Уставот и законите.

18.1. Нотарот професионално и коректно се однесува кон судовите и кон другите државни органи и тие соработуваат воспоставувајќи меѓусебна доверба во работата во функција на заштита на правата на граѓаните и правните лица.

18.2. Нотарот соработува во давањето податоци на судот или на државните органи согласно со закон.

18.3. Нотарот професионално и на општо културно ниво се обраќа во писмените обраќања и барања кои ги доставува до судовите и до другите државни органи и јавни служби.

## V. ОДНОС СПРЕМА НОТАРСКАТА КОМОРА

19. Нотарот со особено внимание, навремено и совесно ги исполнува своите обврски кои произлегуваат од членувањето во Нотарската комора (во натамошниот текст: Комората), го почитува и чува нејзиниот углед и преку учество во нејзините активности придонесува за успешна работа.

19.1. Нотарот не треба без оправдани причини да одбие учество во органите и телата на Комората и да не присуствува на состаноците на Комората и на други службени состаноци (седници, семинари, советувања и друго).

19.2. Нотарот го усогласува своето постапување според одлуките на органите на управување на Комората.

19.3. Нотарот уредно ги извршува своите финансиски обврски спрема Комората, а особено навременото плаќање на месечната членарина.

19.4. Нотарот ги известува надлежните органи на Комората за сите факти кои би можеле да ги загрозат интересите на професијата, како и интегритетот и самостојноста на Комората.

## VI. МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ

20. Нотарот преку Комората одржува постојана соработка со Меѓународната унија на латински нотаријати и со нотаријати во други држави, со цел унапредување на Нотаријатот преку размена на искуствата и стручните мислења и знаења.

20.1. При учеството во работата на органите и телата на Меѓународната унија на латински нотаријати или на меѓународните средби, кога настапува во свое лично име, нотарот води сметка со своето однесување и со неговите професионални и стручни настапи да придонесува за афирмација на Нотаријатот на Република Северна Македонија.

20.2. Нотарот како претставник на Комората, кога учествува и работи во органите и телата на Меѓународната унија на латински нотаријати и на конференции, семинари и стручни советувања на нотаријати, настапува во име на Комората раководејќи се и почитувајќи ги насоките дадени од нејзина страна.

20.3. За своето учество и работа во органите на Меѓународната унија на латински нотаријати или на меѓународните средби, нотарот навремено ја известува Комората и доставува писмен извештај.

# VII. МЕЃУСЕБНИ ОДНОСИ

21. Нотарите развиваат меѓусебни колегијални односи, негуваат стручна и професионална солидарност во работата.

20.1. Нотарот не смее да омаловажува и да потценува друг нотар или вработен во нотарска канцеларија.

21.2. Однесувањето на нотарот кон колегата треба да е засновано на принципите на професионална етика, совесност и чесност.

21.3. Во вршењето на нотарската служба нотарите треба да си помагаат еден на друг преку давање стручни совети, мислења или на друг практичен начин.

21.4. Евентуалните несогласувања и недоразбирања помеѓу нотарите се разрешуваат на достоинствен и културен начин, по мирен пат во рамките на надлежностите на Комората.

21.5. Претседателот на Комората врз основа на својата функција ќе настојува по мирен пат и конструктивно да се надминат несогласувањата и недоразбирањата помеѓу нотарите.

# VIII. ПОВРЕДА НА КОДЕКСОТ

22. Нотарот доследно го почитува Кодексот на професионална етика на нотарите.

22.1. Непознавањето не одредбите од Кодексот на професионална етика не го оправдува нотарот.

22.2. За доследна примена на начелата на Кодексот на професионална етика на нотарите, Комората избира Комисија за етички прашања, која утврдува мислење за прашања поврзани со етичкото однесување на нотарот.

22.3. Утврденото мислење на Комисијата за етички прашања ги содржи фактите и околностите врз кои тоа е засновано, со соодветно анонимизирање на лицето, местото и други податоци што би можеле да доведат до идентификување.

22.4. Утврдените мислења на Комисијата за етички прашања се објавуваат на веб-страницата на Комората и им се достапни на сите нотари, со цел да им обезбедат насоки на другите нотари што се соочуваат со слични прашања.

22.5. Секој нотар, како и претседателот на Комората, може да поднесе писмено барање до Комисијата за етички прашања заради утврдување мислење за тоа дали одредено однесување на нотар претставува повреда на Кодексот.

22.6. Комисијата за етички прашања е должна да утврди мислење најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

22.7. Доколку Комисијата за етички прашања при утврдување на мислењето констатира дека постои конкретна повреда на Кодексот, во рок од 15 дена од денот на утврденото мислење поднесува иницијатива до претседателот на Комората заради оцена за постоење услови за поведување дисциплинска постапка согласно со закон.

22.8. Составот, мандатот, надлежностите и начинот на избор на Комисијата за етички прашања се уредува со Статутот на Нотарската комора.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

23. Овој Кодекс влегува во сила на осмиот ден од денот на неговото објавување на огласната табла и на веб-страницата на Нотарската комора.

24. Одредбите за Комисијата за етички прашања ќе се применуваат од денот на стапувањето во сила на Статутот на Нотарската комора.

25. Со стапувањео во сила на овој Кодекс престанува да важи Кодексот на професионална етика на нотарите од 20.2.1999 година.

СОБРАНИЕ НА НКРСМ
Претседател
Методија Ристоски с.р.

# ПРИНЦИПИ НА НОТАРСКАТА ЕТИКА НА МЕЃУНАРОДНАТА УНИЈА НА ЛАТИНСКИ

(преведено од англиски)

## 1. Професионална подготовка

Нотарите мора да ја вршат својата служба професионално и со соодветно ниво на подготвеност, да ја вршат основната задача за советување, толкување и примена на правото, да стекнуваат посебни знаења од областа на нотаријатот и да ги почитуваат стандардите на службата.

Нотарите особено треба да се грижат постојано да ги надоградуваат своите знаења и да бидат во реално време со сите прашања поврзани со службата, стекнувајќи личен интерес од иницијативите што им ги наметнуваат професионалните организации.

## 2. Нотарски канцеларии

Нотарите мора да обезбедат услови за добар и ефикасен канцелариски простор, опремен со соодветна технологија, секаде каде што се ставени во функција од локални организации.

Нотарите мора да дејствуваат во рамките на нивните службени можности, така што ќе обезбедат ефективна достапност на својата служба, лично присуство и работно време во согласност со потребите на странките.

## 3. Однос кон колегите и професионалните организации

Нотарите мора да се однесуваат кон своите колеги во дух на меѓусебно почитување, соработка и солидарност, што ќе доведе до меѓусебна размена на идеи, услуги и совети.

Нотарите не смеат да му наштетат на угледот на службата или на угледот на нивните колеги со тоа што ќе зборуваат негативно за нивните вештини или способности или за услугите што ги дава друг нотар.

Нотарите мора да учествуваат колку што е можно повеќе во корист на службата, преку размена на знаења и искуства со колегите и вработените секаде каде што е потребно, како и со учество во програми и семинари за стручна обука.

Нотарите мора да ја прошират соработката со професионалните организации, да им овозможат ефективно да ги извршуваат своите должности; исто така, тие мора да бидат подготвени да преземат одговорности во рамките на службата и да ги извршуваат доверените задачи.

Како членови на стручни тела, нотарите се должни да ги даваат своите услуги со добра волја и објективност, постојано и ефективно да работат на својата продуктивност и одговорност, како и да ја промовираат идејата за единство меѓу нотарите.

## 4. Конкуренција

Со прифаќањето на функцијата, нотарите ја прифаќаат обврската да се однесуваат правилно; почитување на принципот на слободен избор на странките и фер конкуренција меѓу нотарите.

Нотарите не смеат да привлекуваат странки користејќи средства кои се несоодветни за службата, а особено никогаш не смеат да прибегнуваат кон намалување на наградата за нивните услуги, да ги користат услугите на надворешни посредници за да ги агитираат странките или да користат какви било активности за да ги намалат честа и угледот на службата.

## 5. Јавност

Освен ако не е потребно со закон, на нотарите им е забрането какво било истакнување на сопствените ставови или професионални способности или каква било индиректна самопромоција што би го имала истиот конечен ефект.

Дозволени се само форми на групно огласување и прикажување, исклучиво од информативен карактер, кои можат да бидат основани од професионални тела или тие тела да ги регулираат, а заради остварување на принципот на еднаквост меѓу нотарите.

## 6. Избор на нотар

Освен во случаите таксативно наведени во законот, постои апсолутна слобода на избор на нотарите.

Во извршувањето на нивната должност за непристрасност, нотарите мора да се воздржат од секакви дејствија што можат директно или индиректно да влијаат на слободата на избор на нотарите.

## 7. Личен аспект на нотарската служба

Професионалниот однос на нотарот при извршувањето на нотарските работи нужно резултира со лична поврзаност со странките во смисла на појава на однос на доверба. Нотарите можат да вработуваат помошници и соработници, внимавајќи тие на никаков начин да не влијаат на личниот карактер на нотарската служба.

Нотарите мора секогаш да го утврдат идентитетот на странките и нивната способност за постапување. Исто така, тие мора да ја утврдат и да ја изразат нивната волја.

## 8. Професионална должност на доверба

Нотарите мора да се придржуваат до професионалните должности на доверба, во рамките на службата и надвор од неа. Тие имаат и обврска на ист начин да обезбедат почитување на овој принцип од страна на нивните вработени и нивните соработници.

Нотарите не се обврзани со професионална должност на доверба која произлегува единствено од нивната обврска да постапуваат со согласност на кој било јавен орган со кој се во контакт, врз основа на посебен пропис или наредба на суд или административен орган, а посебно вклучувајќи ги и органите на власта кои ја надгледуваат валидноста на трговските трансакции.

## 9. Непристрасност и независност

Во својата професионална служба, нотарите мора да постапуваат непристрасно и независно, избегнувајќи секакво лично влијание и избегнувајќи каква било форма на дискриминација на странките.

Кога дејствуваат во рамките на нивните професионални овластувања, нотарите мора да ги балансираат индивидуалните интереси на страните што им пристапуваат и да бараат решение со единствена цел да ги заштитат двете страни.

## 10. Посветеност и одговорност

Во извршувањето на своите должности, нотарите мора да постапуваат соодветно и конструктивно; тие мора да ги запознаат и да ги советуваат странките за можните последици од нивните постапки, земајќи ги предвид сите аспекти на редовните правни постапки за кои се одговорни; тие мора да ја изберат правната форма која најдобро одговара на намерите на странките и да ја осигураат законитоста и точноста на таа форма; тие мора да им ги дадат на странките сите потребни појаснувања за да ги запознаат странките за можните правни санкции за преземените дејствија.

Нотарите мора на соодветен начин да можат да одговораат за ризиците кои може да настанат при извршувањето на службата, на пример со склучување договори за професионално осигурување.

## ЗАВРШНИ ЗАКЛУЧОЦИ

Нотарските комори, членки на Меѓународната унија на нотари, ќе направат сè што е во нивна моќ за да ги применат и да ги имплементираат горенаведените Принципи на нотарска етика, а сето тоа во согласност со нивното национално право и соодветните санкции предвидени со тој закон.

Исто така, Комората на секоја членка ќе формира „ad hoc“ комисија, чија одговорност е да обезбеди почитување на тие принципи.

# ГЛАВА II >>

## СТРУЧНИ ТЕМИ

# Дали задолжителното присуство на адвокат во оставинската постапка го олесни остварувањето на наследните права

**проф. д-р Ангел Ристов***

***Апстракт:*** *Македонското наследно право нема претрпено поголеми промени со децении. Најавените реформи и кодификацијата на граѓанското право останаа нереализиран проект на законодавецот. И покрај десетгодишната работа на Комисијата, реформи во граѓанското право нема. Сепак, во Законот за нотаријат законодавецот индиректно направи одредена реформа во наследното право со предвидувањето задолжително присуство на адвокат во својство на полномошник за секој од учесниците во оставинската постапка. Во трудот, авторот ги анализира оправданоста и придобивките на ваквото решение од аспект на граѓанскоправната теорија, споредбеното право и практиката, со цел да одговори на прашањето дали се олесни остварувањето на наследните права.*

## Вовед

Македонското наследно право нема претрпено позначајни реформи повеќе од седум децении.[1] Со донесувањето на Уставот[2] од 1991 година беа востановени значајни промени во правното,[3] економското и политичкото уредување, кои во голема мера влијаеја и на наследноправните односи.[4] Во новиот либерално-демократски поредок веќе немаше место за ограничување на слободата на пазарот, претприемништвото и приватната сопственост, како што беше случај во минатото.[5] И покрај овие промени, во Законот за наследувањето[6] од 1996 година, законодаве-

* Вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, Република Македонија. Авторот е член на Комисијата за семејно право и наследно право на Граѓанскиот законик на Република С. Македонија.

1 Одлука за формирање Комисија за изготвување на Граѓански законик „Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/2011.

2 „Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91, 1/92, 31/98, 91/01, 84/03, 107/05, 3/09 и 13/09.

3 За промените во општеството и нивното влијание на наследните односи види повеќе кај: Љ. Спировиќ Трпеновска, Д. Мицковиќ, А. Ристов, „Современите тенденции во наследното право“ *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. Никола Матовски*, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2010.

4 За ова види поопширно кај С. Шкариќ, *Уставно право*, Осмо издание, Култура, Скопје, 2015, стр. 359-392.

5 За целите и правците на ограничувањето на приватната сопственост повеќе види кај: А. Групче, *Граѓанско право втор дел – Стварно право,* Култура Скопје, 1976, стр.125-149. Исто види и кај Р. Живковска, *Стварно право, книга I,* Европа 92, Скопје, 2005, стр. 55-62; А. Групче, „Кон физиономијата на новиот Закон за сопственост и други стварни права“, *Зборник во чест на Асен Групче,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Правен Факултет, Скопје, 2001; Ј. Дабовиќ Анастасовска, „Правото на сопственост како гарантирано економски и социјално право на човекот и граѓанинот на Република Македонија“, *Слободите и правата на човекот и граѓанинот во Република Македонија,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет – Скопје, Скопје, 1996.

6 „Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/96.

цот во најголем дел ги презеде решенијата од поранешните наследноправни прописи, кои не соодветствуваат со новите капиталистички односи и трансформациите во семејните односи.[7] [8]

Поминааа 10 години откако започна работата на Граѓанскиот законик.[9] Судбината на овој значаен проект е сè уште неизвесна! Дали ќе биде донесен Граѓанскиот законик – ќе покаже иднината. Во меѓувреме, Комисијата за наследно право изготви неколку верзии на Книга 4 – Наследноправни односи, предвидувајќи голем број реформи за подобрување на законската регулатива и за надминување на постојните проблеми.[10] И покрај јавните дебати, научните трудови и монографиите за реформи во наследното право, законодавецот остана летаргичен по однос на ова прашање.[11] Значењето и важноста на Граѓанскиот законик, како и реформите во наследното право, за жал, останаа непозналица за законодавецот![12] Приватното право *(ius privatum)* и понатаму останува заборавено за сметка на јавното право!

Наспроти ова, со донесувањето на новиот Закон за нотаријат (ЗН), законодавецот воведе посредно една новина во наследното право, според која: „При расправањето на оставината *задолжително е присуството на адвокат* во својство на полномошник за секоја од странките" (чл. 147 ст. 2). Ваквото решение од теоретски и практичен аспект отвора повеќе дилеми и прашања. Дали ваквата реформа е во духот на начелото на слободна иницијатива, односно диспозиција, едно од најзначајните начела на граѓанското право? Дали само со оваа новина законодавецот успеа да ги реши проблемите на граѓаните во наследувањето? Дали е доволна само оваа реформа во наследното право? Дали ваквиот парцијален пристап на законодавецот, со измени во посебни закони наместо во генералните закони, е оправдан? Најпосле, дали ваквата новина го олесни остварувањето на наследните права и дали се намали бројот на нерешени оставински предмети? Во текстот што следува ќе се обидеме да дадеме одговор на поставените прашања.

## Начелото на слободна иницијатива (диспозиција) во граѓанското право

Начелото на слободна иницијатива, уште познато како слободна диспозиција или автономија на волјата, е едно од најзначајните начела на граѓанското право.[13] Ова начело означува дека субјектите самите, по своја сопствена волја, слободно одлучуваат дали ќе стапат во одреден граѓанскоправен однос, со кого и во каков однос ќе стапат, како ќе ја уредат неговата содржина, под кои услови, до кога ќе трае и ќе престане тој однос.[14] Субјектите во граѓанското право се во вистинска смисла на зборот „господари" кои врз основа на својата рамноправна волја ги уредуваат имотните односи.

Слободната иницијатива е претпоставка, *conditio sine qua non,* без која не може да се замисли правниот промет и стоково-паричните односи.[15] Ова е од причина што „нормалното одвивање на тие односи, освен тоа што бара нивните страни да бидат еднакви и со рамноправни волји, исто така бара и на страните да им се препушти самите да ги уредуваат тие односи, а најчесто и самите да одлучуваат кога и со кого ќе стапат во тие

[7] Види кај А. Ристов, „Правната не/сигурност во македонското семејно и наследно право", *Охридска школа на правото,* Јуридика Прима, Том, 3, Скопје, 2016.
[8] D. Mickovik, A. Ristov, „Les changements dans les rapports conjugaux et familiaux dans les pays européens et dans la République de la Macédoine", *Facta Universitatis,* Pravni fakultet Nis, 2013.
[9] Одлука за формирање Комисија за изготвување на Граѓански законик „Службен весник на Република Македонија" бр. 4/2011.
[10] Поопширно за ова да се види кај Д. Мицковиќ, А. Ристов, *Реформата на наследното право во Република Македонија,* Стобитрејд, Скопје, 2016.
[11] Љ.Спировиќ Трпеновска, Д. Мицковиќ, А. Ристов, *Наследното право во Република Македонија,* Блесок, Скопје, 2010; Д. Мицковиќ, А. Ристов, *Наследно право,* Стоби Трејд, Скопје, 2016, стр. 51-73
[12] За значењето и улогата на големите граѓански кодификации повеќе види кај: Г. Галев, *Проект за изработка на Граѓански законик на Република Македонија,* Влада на РМ, Скопје, 2009; Д. Поп Георгиев, *Граѓанско право,* Универзитет во Скопје, 1966, стр. 11-17
[13] Слободната иницијатива на странките е израз на едно општо правнофилозофско начело –автономија на волјата. Автономијата на волјата во правото значи дека странките со сопствената волја ги создаваат, укинуваат и преиначуваат своите субјективни права. Израз на тој принцип е особено постоењето на диспозитивни норми во граѓанското право, што претставува негова особеност. A. Gams, *Uvod u građansko pravo,* Naučna kniga, Beograd, стр. 39.
[14] Повеќе за ова да се види кај: А. Групче, *Имотно (Граѓанско) право,* Култура, Скопје, 1983, стр. 26-27; Д. Поп Георгиев, Облигационо право, Универзитет „Кирил и Методиј", Скопје, 1990, стр. 22.
[15] Без таква иницијатива пазарното стопанство не може да се одвива според неговите внатрешни економски закономерности, а пред сè според економскиот закон на вредноста. И обратно, во мера во која се ограничува наведеното слободно делување, се ограничува и слободната иницијатива на страните. Д. Поп Георгиев, *Основи на имотното право,* Култура, Скопје, 1977, стр. 13.

односи“.[16] Во спротивно, слободната иницијатива се ограничува. Поради тоа, како една од основните карактеристики на методотот на координација и уредување на граѓанскоправните (имотноправните) односи, слободната иницијатива се изразува во сите делови на граѓанското право. Во стварноправните односи слободната иницијатива се изразува како слобода на користење и располагање со стварите.[17] Во облигационите односи таа е позната како слобода на договарање,[18] додека во наследноправните односи таа е позната како слобода на тестирање.[19]

Освен во граѓанското материјално право, начелото на слободна иницијатива се применува и во граѓанското процесно право, односно во сферата на остварувањето на правната заштита.[20] Од носителите на правата зависи дали при повреда или загрозување на нивните права ќе побараат правна заштита. Во таа смисла, во принцип, правната заштита во граѓанското право се дава по барање на странките *(ex privatu; nemo iudex sine auctore)*, а по исклучок, кога е во прашање јавниот интерес, по службена должност *(ex officcio)*.

Сепак, ова начело не е од апсолутен карактер, со што се потврдува старата латинска максима *nulla regula sine exeptione*. Во сферата на стварноправните односи постојат бројни законски ограничувања кои произлегуваат од природата и намената на стварта, соседското право.[21] Постојат облигациони односи кои настануваат и независно од волјата на страните во односот, како што е тоа случај со причинувањето штета, неоснованото збогатување и неповиканото вршење туѓи работи.[22] Во наследното право, правото на нужен дел претставува ограничување на слободата на тестаментално располагање.[23] Отстапување постои и во сферата на правната заштита, како што е тоа случај со паулијанската тужба, со која доверителот може да ги побива должниковите правни дејства спрема трети лица[24], или кога се поведува постапката по службена должност, како што е тоа случај со оставинската постапка. Општа граница на вршењето на правата е забраната за злоупотреба на правата.[25]

Поради важноста и значењето на начелото на слободна иницијатива во сферата на правната заштита, во теоријата тоа е издигнато и како посебно *начело на заштита врз основа на приватно барање*. Така, според Водинелиќ, „граѓанскоправните норми одредуваат во поголемиот број случаи за субјективното граѓанско право, обврска или статус да се расправа во судска или друга постапка само ако таквата постапка е покрената од лице за чие право, обврска или статус се работи.“[26] Имателот на правото е слободен да одлучи дали ќе бара заштита на своето право кога е повредено или загрозено.[27] Од него зависи дали неговото загрозено и повредено право ќе биде заштитетно.[28] *Argumentum a fortiori* (дотолку повеќе), во граѓанското право зависи од волјата на субјектот чие право е повредено или загрозено за тоа дали во постапката пред судот или лице со јавни овластувања самото ќе ги презема и врши процесуалните дејствија или преку полномошник.[29]

Во спротивно, законската неможност на странката самата да врши процесуални дејствија претставува негација на постулационата способност на странката. Законодавецот со тоа ја ограничува волјата на странките и ја негира постулационата

[16] *Ibidem.*
[17] Види кај А. Групче, *Имотно (Граѓанско) право..*, стр. 26. Исто и кај Р. Живковска, *Стварно право*, Европа 92, Скопје, 2005.
[18] Според професорот Галев, слободата на договарањето се изразува во следниве појавни облици: а) странките самите одлучуваат дали ќе стапат во даден договорен однос, б) кога и со кого ќе стапат во тој однос, в) како ќе ја уредат и во која форма ќа ја изразат неговата содржина, г) дали и кога слободно ќе го изменат тој однос во поглед на странките на предметот или содржината, д) како и до кога ќе трае и како ќе престане, Потекло на слободата на договорите, *Зборник во чест на Александар Христов*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 1996, стр. 33. Поблиску за ова да се види исто кај Г. Галев, Слободата на договарањето и нејзините општи граници, *Развиток на политичкиот и правниот систем на Република Македонија*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет Скопје, 2000, стр. 105; Г. Галев, Некои теоретски сфаќања за природата на слободата на договарањето, *Годишник на Правниот факултет во Скопје*, 1994-95, стр. 34.
[19] Така А. Групче, *Имотно (Граѓанско) право..*, стр. 26. Види повеќе кај М. Х. Василев, *Наследно право*, Култура, Скопје, 1983.
[20] Види повеќе кај S. Triva, *Građansko procesno pravo*, Narodne novine, Zagreb, 1972, стр. 94-104.
[21] Р. Ковачевиќ Куштримовиќ, Стварни службености и соседско право, *Зборник во чест на Асен Групче*, Правен факултет, 2004, стр. 87-103.
[22] Повеќе види кај Г. Галев, Ј. Дабовиќ Анастасовска, *Облигационо право*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2008.
[23] Љ. Спировиќ Трпеновска, А. Ристов, „Правото на нужен дел во македонското и споредбеното право наследно право“, *Правник*, бр. 225, јануари 2011.
[24] А. Групче, *Имотно (Граѓанско) право..*, стр. 27.
[25] Повеќе за ова кај А. Лазаревиќ, *Судскиот систем на СФРЈ со осврт на некои основни начела и установи на граѓанската судска постапка*, Скопје, 1970, стр.15-33. Види и кај С. Шкариќ, Прилог кон теоријата за злоупотреба на правото, Охридска школа на правото, Iuridica Prima, Скопје, 2019, стр. 35-41; V. V. Vodinelić, *Takozvana zloupotreba prava*, Nomos, Beograd, 1997.
[26] V. V. Vodinelić, *Građansko pravo*, Nomos, Beograd, 1991, стр. 68.
[27] *Ibidem.*
[28] *Ibidem.*
[29] С. Георгиевски, *Вонпарнична постапка*, Скопје, Култура, 1975, стр. 50.

способност на странката самата, без посредство на други лица (полномошник), да врши процесуални дејствија во правно релевантна изразна форма.[30] Во таа смисла, со право теоријата истакнува дека „постулационата способност секогаш претпоставува дека странката е процесуално способна. Во случај кога странката е постулационо неспособна, процесуалните дејства ги презема преку полномошник“[31] Со задолжителната обврска на наследниците вонпарничните дејствија пред нотарот да ги преземаат исклучиво преку полномошник адвокат, законодавецот ги прогласи сите наследници за постулационо неспособни, или со други зборови, неспособни да ги остварат своите наследни права самостојно! Ваквото решение на законодавецот е уникатно не само во домашното туку и во споредбеното право.

## Задолжително застапување од страна на адвокат како полномошник во оставинската постапка: актуелни прашања и дилеми

Со предвидувањето на новината за задолжително присуство на адвокат во својство на полномошник за секој од учесниците во оставинската постапка, во нашето право за прв пат се воведе институцијата на задолжително застапување на наследниците од страна на професионални полномошници – адвокати. Институцијата задолжително застапување од адвокат *(Advokatenzwang)* во нашиот правен систем беше напуштена по Втората светска војна.[32] Главниот аргумент на тогашната комунистичка власт бил „потребата од укинување на монополистичката положба на одредени професионалци (адвокатите) и потребата да се спречи дискриминација на оние што поради неможност за плаќање награда на застапниците не можат рамноправно да учествуваат во парница против оние што тоа го можат.“[33]

По речиси осум децении, зачудува пристапот на законодавецот што ова значајно прашање го уредува во ЗН, наместо во генералните процесни закони. Освен тоа, не се јасни докрај мотивите зошто задолжителното застапување законодавецот го предвидел во една вонпарнична неспорна постапка како што е оставинската постапка, но не и за останатите вонпарнични постапки! Пологично и пооправдано би било задолжителното застапување, наместо во оставинската постапка како неспорна постапка, законодавецот да го уреди, по примерот на западноевропските законодавства, во парничната постапка![34]

Во оставинската постапка, како официјална вонпарнична постапка, нотарот како повереник на судот ја утврдува оставината на оставителот, наследниците и нивните наследнички делови.[35] Нотарот е должен да ги поучи наследниците при давањето на наследничката изјава, а доколку се појави спор за факти, за правото на легат или друго право на оставината и примената на правото, да ја прекине постапката и да ги упати на спор странките. Со оглед на тоа што по жалба на решението на нотарот одлучува судот, се поставува прашањето за целисходноста и улогата на задолжителното присуство на адвокатот во оставинската постапка. Дали идејата на законодавецот била, покрај судот, надзор и контрола на работењето на нотарот да врши и адвокатот? Дали е тоа оправдано со оглед на исклучително малиот број приговори на оставинските решенија до судот во периодот од 2008 до 2016 година?[36] Најпосле, дали улогата на адвокатот во оставинската постапка е задоволително исполнета со самото присуство на рочиштето за расправање на оставината, без дополнителни дејствија?

Улогата на адвокатот е од исклучително големо значење во заштитата на  правата, докажување-

[30] За постулационата способност повеќе види кај С. Георгиевски, *Вонпарнично право..*, стр. 52-53. Во германската теорија правото на странката самостојно да настапува во граѓанската постапка - постулациона способност, уште се нарекува право на самозастапување *Selbsvertretungsrecht.*
[31] *Ibidem.*
[32] Повеќе за ова види кај S. Triva, *Građansko parnično procesno pravo*, Narodne Novine, Zagreb, 1980, стр. 248-249.
[33] Triva, Belaec, Dika, *GPPP*, стр. 261.
[34] Повеќе за односот на вонпарничната постапка спрема парничната постапка види кај С. Георгиевски, *Вонпарнична постапка..*, стр. 13-18.
[35] *Ibid*, стр.74.
[36] Според статистичките податоци, бројот на приговори на оставинските предмети е симболичен и постојано се намалува од 0,53% во 2013 до 0,37% во 2016 година. Види официјални годишни извештаи на Министерството за правда за оставинските предмети. Повеќе за ова види во *Анализа за развојот и работата на нотаријатот во вршење на јавните овластувања и неговиот придонес за остварување на поефикасен правен систем и правна сигурност*, НКРМ, Скопје, 2017, стр. 37-41.

то на спорните факти и права, што во случај на една неспорна постапка каква што е оставината не доаѓаат до израз. Дали адвокатите се задоволни со својата пасивна улога во оставинската постапка? Најпосле, дали странките се задоволни од присилниот ангажман на адвокатот во оставинската постапка? Одговорот на овие прашања најдобро го знаат самите.

Имајќи ги предвид ограниченоста и исклучивоста на одредбата за задолжително присуство на адвокатот во својство на полномошник на учесниците во оставинската постапка, во практиката произлегуваат парадоксални случаи во кои другите правници со стручна подготовка и искуство не можат самостојно да си ги остварат наследните права, како што се: судии, јавни обвинители, државни правобранители, нотари, извршители, стечајни управници, правници, правници со положен правосуден испит, магистри по правни науки, професори по право и доктори на правни науки и други...! Дали наведените лица се постулационо неспособни самите да ги вршат процесуалните дејствија и да ги остварат своите наследни права? Според ЗН, одговорот на ова прашање е позитивен.

За разлика од ваквата исклучива „монополска" одредба, Законот за парнична постапка[37] по однос на прашањето за тоа кој може да биде полномошник определува дека тоа може да биде: адвокат, лице – дипломиран правник кое е во работен однос и роднина по крв во права линија, брат, сестра или брачен другар, доколку се потполно деловно способни (чл. 81 ст. 1 ЗПП). Врз основа на оваа споредба може да се констатира дека ЗПП дава пошироки можности, диспозиција на странките и право на избор, за разлика од ЗН.

Одредбата од ЗН е во спротивност и со општата одредба од Законот за вонпарнична постапка,[38] според која учесниците во постапката дејствијата ги преземаат лично, преку полномошник или законски застапник, согласно со ЗПП (чл. 3 ст. 4 ЗВП).[39] Во нашето право, ЗПП не го познава институтот на задолжително застапување на странките. За разлика од ЗН, во кој е сместена одредбата за задолжително присуство на адвокат во својство на полномошник за секој од учесниците на оставинската постапка, во ЗПП е прифатен *принципот на слободно застапување*.[40] Според одредбите на овој закон, парнично-способната странка е слободна да одлучи дали парничните дејствија во постапката ќе ги преземе лично или преку полномошник (чл. 80 ст. 1 ЗПП). Странката не е должна да определи полномошник, ниту пак судот е должен на тоа да ја присили.[41] Во случај кога странката и законскиот застапник не се во состојба јасно и определено да се изјаснат за предметот за кој се расправа, а немаат полномошник, судот може да им укаже на потребата да земат полномошник (чл. 273, ст. 3 ЗПП), но судот не може да ги присили на тоа.

Определувањето на институтот задолжително застапување од страна на полномошник е во спротивност и со суштината на договорното застапништво и институтот полномошно кој произлегува од начелото на слободно уредување на облигационите односи.[42] Во конкретниов случај, основ за склучување на договорот за полномошно не е волјата на наследникот како застапувано лице, туку законот. Дали законодавецот имал оправдана причина за ваквата законска интервенција негирајќи ги процесуалната и постулационата способност на наследниците, подведувајќи ги по силата на законот под случаите на „деловно неспособни" лица? Ваквото застапништво во теоријата професорот Гамс го нарекува вид на „присилно застапништво"[43]. Но, кога тоа е без рационално оправдување, тогаш претставува повредување на начелото на слободна диспозиција на кое се темели целокупното приватно право.

Институтот задолжително застапување од полномошник во нашиот правен систем не е прифатен ниту во кривичната постапка.[44] Имено, во

[37] Службен весник на Република Македонија бр. 79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/2010 и 124/2015.
[38] Службен весник на Република Македонија бр. 9/08.
[39] К. Чавдар, Закон за вонпарнична постапка, Академик, Скопје, 2008.
[40] Повеќе за ова види кај А. Јаневски, Т. Зороска Камиловска, *Граѓанско процесно право* – Парнично право, Југореклам, 2009, стр. 233-236.
[41] *Ibid*, стр. 234.
[42] Законската интервенција има за цел да го заштити правниот интерес на застапуваното лице.. поради недостиг на деловна способност на застапуваното лице. По силата на законот деловно неспособните лица ги застапуваат лица со деловна способност кои се определуваат од надлежните органи на власта (старатели), односно непосредно од законот (родителите на малолетните деца). А. Групче, *Имотно (Граѓанско) право..*, стр. 298.
[43] *Ibidem.*
[44] „Изборот на бранител зависи од слободна одлука на обвинетиот кој самиот бира кој ќе му биде бранител. Нашиот законодавец одредува дека бранител може да биде само адвокат." Повеќе види кај Г. Лажетиќ, Г. Калајџиев, Б. Мисоски, Д. Илиќ, -Димоски, *Казнено процесно право*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први" Скопје, 2015, стр. 96-98.

членот 74 од Законот за кривична постапка[45] задолжителната одбрана со бранител или по службена должност е предвидена само во следниве случаи:

*(1)* Ако обвинетиот е *нем, глув или неспособен самиот успешно да се брани*, или ако против него се води кривична постапка за кривично дело за кое во законот *е пропишана казна доживотен затвор*, мора да има бранител уште при првото испитување.

*(2)* Обвинетиот мора да има бранител ако против него *е определен притвор* за времето додека трае притворот.

*(3)* По поднесениот обвинителен акт поради кривично дело за кое со закон е пропишана *казна затвор од десет години или потешка казна затвор*, обвинетиот мора да има бранител во времето на доставувањето на обвинителниот акт.

*(4)* Во текот на постапката за *преговарање и спогодување* со обвинителот за признавање на вината, обвинетиот мора да има бранител.

*(5)* Обвинетиот на кој *му се суди во отсуство* мора да има бранител веднаш по донесеното решение за судење во отсуство.

*(6)* Ако обвинетиот во случаите на задолжителна одбрана од претходните ставови на овој член не земе бранител сам, претседателот на судот *ќе му постави бранител по службена должност* за натамошниот тек на кривичната постапка до правосилноста на пресудата. Кога на обвинетиот ќе му се постави бранител по службена должност по поднесениот обвинителен акт, за тоа ќе се извести обвинетиот заедно со доставувањето на обвинителниот акт. Ако во заштитата на слободата на движење на обвинетиот во кривичната постапка е дозволено самиот да се застапува, која е логиката во неспорна оставинска постапка ова право да им биде ограничено на наследниците?!

Институтот задолжително застапување од страна на полномошник адвокат не го познава и Законот за општа управна постапка.[46] Според одредбите со кои се уредува застапувањето: 1) Странка *може сама да ги врши дејствијата во постапката или преку застапник*, како што е предвидено со овој закон. 2) Странка која е потполно деловно способна може *сама да ги врши дејствијата во постапката (процесна способност)*. 3) Одредбите од овој закон во однос на странките соодветно се применуваат за нивните застапници (чл. 32 ЗОУП). По однос на прашањето за полномошник е пропишано дека странката, односно нејзиниот застапник, по закон може да овласти адвокат или некое друго лице[47] кое има процесна способност (полномошник) да ја застапува во постапката, освен кога законот наложува самата странка да дава изјави (чл. 35 ст. 1 ЗОУП). Во таа смисла, науката истакнува дека полномошниците се доброволни, факултативни застапници на странката определени согласно со нејзината слободно изразена желба и волја токму тоа лице да биде нејзин полномошник и да ја застапува во управната постапка.[48]

Имајќи ги предвид изложените законски решенија, неминовно се наметнува потребата од усогласување на законските решенија во однос на ова мошне значајно прашање, кое е предуслов за остварување квалитетна и ефикасна правна заштита. Поради тоа, законодавецот треба што поскоро сеопфатно, а не парцијално, да го уреди ова прашање врз основа на потребите и интересите на граѓаните. Наметнувањето на задолжителното присуство на адвокатот во оставинската постапка како полномошник на наследниците како суштествен услов за расправање на оставината, во практиката придонесе да се зголеми бројот на случаи кога наследниците не сакаат да ангажираат адвокат. Во таков случај, нотарот не може да ја распредели оставината и покрај тоа што се исполнети сите останати законски услови. Со тоа се загрозуваат правната сигурност и јавниот интерес за продолжување на континуитетот во граѓанскоправните односи.

Последните годишни извештаи на основните судови бележат пораст на нерешените оставин-

[45] Службен весник на Република Македонија бр. 150/10, 100/12 и 198/18.

[46] Законското застапување е можно на оние лица што се со законот одредени како процесно неспособни, малолетни и умоболни. А. Христов, Управно право, Самоуправна практика, Скопје, 1984, стр. 405. За ова види и кај Б. Давитковски, А. Павлова, *Административно право – втор дел (процесно право)*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, 2019.

[47] За стручен помагач како стручно лице кое ѝ помага на странката види кај S.Lilić, *Upravno pravo*, Savremena administracija, Beograd, 2007, стр. 272.

[48] С. Гелевски, *Управно-процесно право*, Тиха Дооел, Скопје, 2009, стр. 109.

ски предмети.[49] Во 2015 год. имало 10419 нерешени предмети, а во 2016 год. – 10765. Од примената на новиот ЗН во 2017 год. имало 11374 нерешени предмети, во 2018 – 11269, 2019 – 12436 и во 2020 – 12503. Од спроведеното истражување за периодот од 2015 до 2020 година има вкупно 68802 нерешени оставински предмети! Неодамна, од страна на Министерството за правда, во практиката се забележани и случаи кога, со цел да се избегне законската обврска за ангажирање адвокат во оставинската постапка, наследниците ја спроведуваат постапката пред судот!

Сепак, судската практика во ваквите случаи изнајде соодветно решение со цел докрај да се спроведе оставинската постапка.[50] Доколку наследниците се уредно повикани, а не сакаат да ангажираат адвокат како полномошник, во таков случај нотарот е должен да ја расправи оставината согласно со законските прописи, без можност наследниците самите да дадат изјави пред нотарот. Големиот број нерешени оставински предмети и различната примена на законските одредби ја наметнуваат потребата овие решенија законодавецот да ги ревидира и да ги надополни.

## Задолжителното застапување од страна на адвокат во споредбеното право

Прашањето дали и во која мера треба да биде ограничена слободната диспозиција, односно правото на самостојно застапување и на слободен избор на полномошник во парничната постапка, е од големо значење за остварувањето на правната заштита.[51] Во споребеното право по однос на ова прашање не постојат унифицирани решенија. Традиционално, речиси во сите западноевропски држави, како што се Австрија, Германија, Италија, Велика Британија, Швајцарија и др. во кои е прифатен германскиот концептот на *Anvaltszwang, Advokatenzwang* (присилно ангажирање адвокат), исклучиво адвокат може да застапува пред суд.[52] Странките не можат сами, ниту пак правниците вработени кај правни лица да застапуваат пред суд.

За разлика од заподноевропските држави, во земјите под влијание на социјалистичкото право задолжителното застапување од страна на адвокат како полномошник беше напуштено по Втората светска војна.[53] Право на застапување, освен странките, имаа и правниците и лица кои не се правници.[54] Таквата традиција ја задржаа и понатаму голем број постсоцијалистички држави. Земјите од нашето опкружување со кои имаме блиска правна традиција, како што се Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Словенија, Хрватска, Косово, и др., не го предвидуваат институтот задолжително застапување од страна на полномошник адвокат.

Во теоријата и споредбеното право постојат аргументи за и против задолжителното застапување.[55] Тие се поврзани со прашањето кој може најдобро да ги заштити интересите на странките. Согласно со начелото на слободна диспозиција на странката, таа господари со парницата, таа е *dominis litis* и развојот на процесните дејствија зависи исклучиво од нејзината волја. Во таа смисла, странката е слободна самата да ги застапува и да ги штити своите интереси пред судот. Таа е најмногу заинтересирана и мотивирана да ги заштити своите интереси. Сепак, ако странката е правнички неука, тогаш не може со загарантиран успех да ги заштити своите права. Од таа причина се наметнува потребата од правна помош од стручни лица – адвокати, кои специјализирале во областа на давањето правна заштита. Тие на странката и на судот ќе им помогнат за поквалитетно, побрзо и поефикасно правораздавање и решавање на споровите.[56]

[49] Спроведено истражување во февруари - март 2021 година за оставинските предмети во основните судови на државата за периодот 2015 - 2020 година.
[50] Укажување на претседателот на Основниот суд на Велес до надлежните нотари како да се постапува со нерешените предмети во случај кога наследниците избегнуваат да ополномоштат адвокат.
[51] J. Kos, Još o prijedlogu Novele Zakona o parničnom postupku, Pravo i porezi, 12/1997, стр. 38-42; M. Kovač, Skupo i besplatno, *Tvrtka*, 9/96, стр. 51-53.
[52] Повеќе за ова да се види кај M. Hanzekovic, U povodu prijedloga Novele Zakona o parnicnom postupku, Pravo i porezi, 11/97, стр. 1127-1129; A.Uzelac, *Obvezno odvjetnicko zastupanje?*
[53] Види Triva, Belajec, Dika, *Građansko parnično procesnopravo*, Zagreb, 1986, § 66/1.
[54] *Ibidem.*
[55] Повеќе види кај A. Uzelac, *op. cit.*, стр. 4-7.
[56] Habscheid, *Das deutshe Zivilprozessrecht und seine Ausstrahlung auf andere Rechtsordnungen*, Bielefeld, 1991, стр. 72-74.

Во таа смисла, како аргумент за задолжителното застапување од страна на адвокат се наведуваат квалификациите правничко образование, долгогодишно стручно искуство, професионални правила на однесување, како и континуирано стручно усовршување. На овој аргумент му се при говара со тоа што не се адвокатите единствено квалифицирани за давање стручна правна помош.[57] Постојат и други категории на лица со правничко образование. Во одредени држави, како што се Италија, Франција, Бугарија, Хрватска и др., и професорите по право имаат можност да застапуваат пред судот доколку се регистрирани во адвокатскиот именик. Освен тоа, не сите адвокати се квалифицирани за застапување во сите случаи (кривично, управно, граѓанско). Постои специјализација по одредени правни области. Во таа смисла, Узелац истакнува дека „според теоријата на либерална држава, државата може некој да го наговори да стори нешто што за него е добро и корисно, но не смее, повикувајќи се за негово добро, да го присили тоа да го стори. Кога би го сторила, тоа би претставувало случај на недозволен државен патернализам карактеристичен за колективистичките идеологии (социјализам, тоталитаризам, национал-социјализам)“.[58]

Како други аргументи за воведување на задолжителното застапување од адвокат се наведуваат заштитата од судското самоволие, брзината и економичноста на постапката, етиката и одговорноста на професионалните застапници.[59] Исто така, со учеството на адвокат во постапката се намалува потребата на судскиот активизам во насока на подучување на неуката страна. Со тоа судот ќе има повеќе време да се посвети на парницата и оцената на доказите, со што се поедноставува и постапката. Улогата на адвокатот е значајна затоа што тој може да делува како еден вид „филтер“, превенирајќи го парничењето без основ или отпочнувањето парници кои уште во почетокот се осудени на неуспех. Ваквото постапување го растоварува судот од правно неосновани предмети, а странките од излишни и непотребни трошоци. Тоа бара застапеност на високи морални вредности, почитување на етичките правила и професионализам кај адвокатот, нешта кои ја градат довербата кај клиентот. Токму овие квалитети укажуваат на тоа дека и во земјите во кои не е предвидено начелото на задолжително адвокатско застапување, како што е тоа случај со скандинавските држави, дури во 4/5 од вкупниот број предмети странките по сопствена волја се определуваат да ги застапува адвокат.[60] Тоа укажува на присуството на висок степен на правничка култура.

Во споредбеното право, освен поделбата на рестриктивни и пермисивни системи на застапување пред судот, и во рамките на самите национални законодавства постојат битни разлики во зависност од припадноста на европско-континенталното право или англо-американското право.[61] Така, во Бразил правото на задолжително застапување од адвокат е уредено во Уставот и се однесува за сите постапки пред судот. За разлика од ова решение, во правото на Малта не постојат прописи со кои се уредува адвокатурата, па така, без оглед на професијата и квалификациите, секој може да се занимава со адвокатска дејност.[62] Големи разлики во уредувањето на застапувањето постојат и во рамките на европските држави членки на ЕУ.

Во скандинавските држави (Шведска, Данска, Финска) застапувањето е многу пермисивно уредено. Рестриктивно уредено е во Австрија и Германија, додека помалку рестриктивно е уредено во Италија, Швајцарија и Франција. Врз основа на тоа, во теоријата се изградени четири модели: 1) неограничено слободно самозастапување и застапување од полномошник (Финска, Хрватска, Србија, Словенија, Бугарија, Црна Гора и др); 2) слободно самозастапување со забрана за застапување од нестручни застапници (Данска, Швајцарија); 3) слободно самозастапување, рестрикции при изборот на полномошник – адвокатски или друг професионален монопол на застапување (швајцарски кантони, англо-американски

[57] A. Uzelac, *op. cit.*, стр. 4-7.
[58] Така A.Uzelac, *op. cit.*, стр. 6-7.
[59] Fasching, *Lehrbuch des österreichischen Zivilprozeßrechts*, Wien, 1990, стр. 436.
[60] *Ibidem.*
[61] A.Uzelac, *op.cit.*, стр. 11-12.
[62] *Ibidem.*

држави) и 4) задолжително застапување од овластен застапник (Австрија, Германија, Франција).[63] Сепак, на глобално ниво, според Валтер, авторот на севкупниот извештај за организација на адвокатурата на Светскиот конгрес на процесуалисти во Таормини, најзастапен е моделот на адвокатски монопол на застапување, а не системот на присилно застапување од страна на адвокат.[64] Ваквиот став се оправдува со идејата дека секој е најзаинтересиран и способен самиот да се застапува во постапката, но сепак, од прагматични и заштитнички причини, треба да се ограничи кругот на лица кои би можеле да настапуваат пред судот во име и за сметка на странката.

## Наместо заклучок

Имајќи го предвид погоре изнесеното, може да се констатира дека законодавецот е неконзистентен во однос на својот став кон институтот задолжително застапување од страна на полномошник во нашето право. Ова е од причина што ваквиот институт го предвидел само во една неспорна и официјална постапка, каква што е оставинската постапка. Зошто ваквата можност не ја предвидел и за останатите вонпарнични постапки? Според наше мислење, пооправдано би било воведувањето задолжително застапување од полномошник адвокат во парничната постапка од причина што улогата и значењето на адвокатот во докажувањето и убедувањето на судот за спорните факти е од исклучително големо значење.

Познато е дека незнаењето на правото штети и не оправдува никого *(Ingnorantia iuris nocet et nemimen excusat)*, па поради тоа ѝ е потребна стручна помош од адвокат на неуката странка која не го познава правото во парничната постапка уште од самиот нејзин почеток. Со тоа странките би добиле подобра и поквалитетна заштита на нивните права, како и поефикасна и побрза правда. Бидејќи, кога човек е болен и има здравствени проблеми – тој бара помош од медицината и од здравствените лица, а кога човек има проблеми со заштитата на своите права и имотот, тогаш помошта треба да ја побара од адвокатите и од правничката фела.

Уредувањето на граѓанскоправните (имотните) односи мора да се базира на почитување на основните начела на граѓанското право, како што е тоа случајот со начелото на слободна иницијатива. Во спротивно, се доведува во прашање целокупниот правен систем, правната сигурност и владеењето на правото. Непочитувањето на основните принципи на граѓанското право, освен што е чин на незнаење, претставува и акт на повредување на правната традиција која се градела и почитувала со векови и милениуми. Повредата и непочитувањето на начелото на слободна иницијатива претставува упад на јавното право, што во едно демократско општество е недозволиво. Затоа, при носењето на законите, законодавецот секогаш треба да има на ум дека правото се заснова на разумот и дека само разумното право е праведно право. Притоа правните норми треба да се засноваат на разумните, добронамерените цели, кои треба да ги олеснат односите помеѓу субјектите, а не да ги отежнат и усложнат. Избрзаните и неразумни решенија кои не се засноваат на основните начела и утилитаризмот можат да причинат штета и да го отежнат остварувањето на правото. Затоа, само со примена на логичките закони и правила и со непристрасни аргументи се доаѓа до правата вистина. Во граѓанското право волјата на човекот отсекогаш била пред законот, а законот ја надоместувал кога таа отсуствувала.

Во нашето општество треба да му биде посветено поголемо внимание на градењето правничка култура, со укажување на значењето и улогата на адвокатот како стручно и професионално лице за давање правна помош. Доколку законодавецот, сепак, се одлучи за промена на концептот на застапување, тоа треба да го направи во процесните закони, но не и во неспорната оставинска постапка. Фактот што со предвидувањето на задолжителното присуство на адвокат во оставинската постапка се има зголемено бројот на нерешени оставински предмети е доволен показател за тоа дека, при останати непроменети околно-

[63] *Ibidem.*
[64] Walter, „Generalbericht", *Professional Ethics and Procedural Fairness*, Stuttgart, 1991, стр. 19.

сти *(ceteris paribus)*, ова решение создава проблеми во практиката. Поради тоа, законодавецот истото треба да го напушти за да не бидеме единствен пример во споредбеното право што го предвидува ова решение. При идните законски измени, законодавецот треба да се води пред сè од потребите и интересите на најголемиот дел од граѓаните, правните начела и здравиот разум доколку сака правото што го создава да биде квалификувано како исправно, праведно право.

Потребата од реформа во граѓанското право и понатаму останува насушна и неопходна во нашиот правен систем. Таа треба да биде сеопфатна, темелна и заснована на основните принципи на граѓанското право. *Ad hoc* „дробните“ промени на законодавецот не ги решаваат проблемите на граѓаните во правниот живот. Историјата го потврдила тоа многу пати. Затоа реформите во граѓанското законодавство отсекогаш имале и ќе имаат исклучително значење за правната сигурност, општествениот напредок и за општествената благосостојба. Граѓанскиот законик мора да биде донесен ако законодавецот навистина се залага за остварување на овие цели.

# ГЛАВА III >>

## МАТЕРИЈАЛИ УТВРДЕНИ ОД СТРУЧЕН СОВЕТ И УСВОЕНИ ОД УПРАВЕН ОДБОР

Во согласност со член 21 став (2) од Правилникот за работа на Стручниот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија, Стручниот совет на Нотарска комора на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 30.11.2021 година, едногласно го усвои и Управниот одбор на Нотарската комора на РСМ, на седницата одржана на ден 24.12.2021 година, едногласно го потврди следното

# ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

## за постапување на нотар во случај на постоење причини за негово изземање, како и по поднесено барање од учесник за изземање нотар во постапка за расправање на оставина

### I.

**1). Во случај кога по прием на доверен предмет за спроведување постапка за расправање на оставина, нотарот дознае дека постои некоја од причините за негово изземање од постапување по предметот од член 64 точки 1), 3) и 4) од Законот за парничната постапка, должен е да ја прекине секоја работа врз тој предмет и за тоа да го извести претседателот на судот кој му го доверил предметот, кој ќе определи замена во согласност со член 65 став (1) од Законот за парничната постапка.**

**2). Во случај кога по прием на доверен предмет за спроведување постапка за расправање на оставина, нотарот смета дека постојат други околности што ја доведуваат во сомневање неговата непристрасност според член 64 точка 6) од Законот за парничната постапка, за тоа ќе го извести претседателот на судот кој му го доверил предметот, кој ќе одлучи за изземањето во согласност со член 65 став (2) од Законот за парничната постапка. До донесувањето на одлуката, нотарот може да ги преземе само оние дејствија за кои постои опасност од одлагање.**

### II.

**1). До завршувањето на постапката за расправање оставина, некој од учесниците (член 125 од Законот за вонпарничната постапка) може да бара изземање на нотарот пред кој се води постапката, со писмен поднесок до нотарот или усно на записник. Учесникот може да поднесе и барање за изземање на нотарот до претседателот на судот кој му го доверил предметот.**

**Во случај кога нотарот ќе дознае дека е поднесено барање за негово изземање во согласност со член 68 став (1) од Законот за парничната постапка, должен е веднаш да ја запре работата врз односниот предмет, да изготви писмена изјава во согласност со член 67 став (4) од Законот за парничната постапка и заедно со списите на предметот да ги достави до претседателот на судот кој му го доверил предметот, кој ќе одлучи за барањето за изземање во согласност со член 67 став (1) од Законот за парничната постапка. Ако е во прашање изземање од член 64 точка 6) од Законот за парничната постапка, до донесувањето на решението за барањето може да ги преземе само оние дејствија за кои постои опасност од одлагање.**

**Писмениот поднесок на учесникот во кој е содржано барањето за изземање, нотарот ќе го спои во списите на предметот.**

**2). Во случај кога барањето за изземање на нотарот се поднесува усно на записник, нотарот е должен тоа веднаш да го констатира во записникот, заедно со образложените причини поради кои учесникот бара изземање на нотарот.**

**Во писмената изјава до претседателот на судот нотарот треба да истакне образложени наводи по барањето за негово изземање.**

III.

**1). Кога со решение од претседателот на судот барањето за изземање е отфрлено или одбиено, нотарот по повторен прием на предметот ќе продолжи со постапката за расправање на оставина.**

**2). Во случај кога претседателот на судот ќе одлучи да го изземе нотарот од натамошно постапување, примерок од решението судот ќе достави до нотарот и до учесникот кој барал изземање. Во таков случај надлежниот суд по службена должност ќе постапи во согласност со членовите 126 став (2) и 135 од Законот за вонпарничната постапка и предметот ќе го довери на постапување на друг нотар.**

IV.

**На ист или на соодветен начин се постапува и кога во постапка за расправање на оставина по предметот постапува заменик-нотар или нотар кој привремено ја врши службата, а се исполнети условите наведени во точките I, II и III од ова Правно мислење.**

V.

**Во сите случаи опфатени со ова Правно мислење, движењето на предметот треба да биде евидентирано во „забелешка“ на Уписникот за доверени работи (УДР).**

## Образложение

При спроведување оставинска постапка, нотарот постапува како повереник на суд и за неговото постапување важат и се применуваат правилата на Законот за вонпарничната постапка и сообразна примена на Законот за парничната постапка.

Постапката за изземање нотар при спроведување оставинска постапка е адекватна на постапката за изземање судија, односно се врши по истите правила регулирани во ЗВП и ЗПП.

Ова Правно мислење се однесува на начинот на постапување во сите различни правни и фактички ситуации кои во текот на оставинската постапка може да настанат во врска со изземање на нотарот кој постапува како повереник на судот и истото се дава поради дилемите кои кај нотарите се јавуваат во случај кога во текот на постапката за расправање на оставина се бара нивно изземање, а се темели на член 149 став (1) од Законот за нотаријатот (Сл. весник на РМ бр. 72/16, 142/16 и 233/18), член 33 став (1) од Законот за вонпарничната постапка (Сл. весник на РМ бр. 9/08) и член 64 и др. од Законот за парничната постапка.

Со Законот за парничната постапка (Сл. весник на РМ бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10 и 124/15) се предвидени причини од апсолутен карактер, во кои случаи нотарот не смее да постапува без оглед на тоа дали тоа го побарал некој од учесниците во постапката. Другите причини имаат релативно дејство, па доколку се утврди нивно постоење, се доведува во сомнение непристрасноста на нотарот. Во тој случај барање за изземање може да поднесе нотарот или, пак, тоа да е истакнато од учесник во постапката.

Според член 69 став (1) од Законот за парничната постапка, одредбите за изземање судија и судија поротник се применуваат и на записничарот, а според став (2) за изземањето на записничарот

одлучува судија, што значи дека таква надлежност има и нотарот кога постапува како повереник на судот. Меѓутоа, доколку воопшто во практиката постои причина за изземање на записничарот, кој го води записникот од оставинското рочиште, нотарот тоа прашање може да го реши со замена со друг вработен во нотарската канцеларија, а ако нема друг вработен, самиот ќе го води записникот. Поради наведеното, со Правното мислење не е опфатен случај кога, евентуално, се бара изземање на записничарот.

Во член 22 став (1) од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање други формални дејствија (Сл. весник на РМ бр. 226/16, 80/2017 и 110/2018), не е уредено и специфицирано што се запишува во рубриката „забелешка" на УДР уписникот. Сепак, по аналогија на другите уписници (ОДУ, УЗП, УНПН и сл.), за постоењето на која било од ситуациите на изземање нотар во оставинска постапка опфатени во диспозитивот на ова Правно мислење, изземањето како основ за движењето на списот, нотарот треба да го евидентира во рубриката „забелешка" на УДР уписникот.

СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРСМ
Претседател
Нотар Марјан Коцевски с.р.

Во согласност со член 21 став (2) од Правилникот за работа на Стручниот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија, Стручниот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 30.11.2021 година, едногласно го усвои и Управниот одбор на Нотарската комора на РСМ, на седницата одржана на ден 24.12.2021 година, едногласно го потврди следното:

# ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

**1. При расправање на оставина пред нотар, задолжително е присуство на адвокат во својство на полномошник за секој од учесниците.**

**Учесниците во постапката за расправање на оставина можат да овластат и заеднички полномошник адвокат, кој во нивно име ќе презема потребни дејствија во постапката.**

**2. За расправање на оставината нотарот закажува рочиште, на кое со покана ги повикува сите учесници и истовремено ги информира дека на закажаното рочиште е потребно и задолжително присуство на адвокат во својство на полномошник.**

**3. По сила на закон, оставината на умреното лице преминува врз неговите наследници во моментот на неговата смрт, со можност, до завршувањето на постапката за расправање на оставина, со изјава дадена пред нотарот, кој било од наследниците да се откаже од својот наследен дел.**

**За правата на уредно повиканите учесници кои не дошле на рочиштето и не ангажирале адвокат во својство на полномошник, нотарот ќе расправа врз основа на податоците со кои располага, земајќи ги предвид нивните писмени изјави што ќе стигнат до донесувањето на решението за наследување, за што на учесниците им се укажува во поканата со која се повикуваат на рочиштето за расправање на оставина.**

**Фактот што наследникот е уредно поканет, а не дошол на закажаното рочиште и не ангажирал адвокат треба да се толкува како немање волја за откажување од својот наследен дел, и истиот по сила на закон се смета за наследник на делот што му припаѓа.**

**4. Доколку на рочиштето се јави учесник без овластен полномошник адвокат, нотарот ќе ги земе потребните изјави од присутните учесници, кои се застапувани од ополномоштен адвокат, а рочиштето ќе го презакаже за одредена дата, при што на присутниот учесник кој е без овластен адвокат на записник ќе му укаже дека е потребно на закажаното рочиште да се јави заедно со овластен полномошник адвокат.**

## Образложение

Едно од основните начела во вонпарничната постапка, изразено во член 4 став (1) од Законот за вонпарничната постапка (Сл. весник на РМ бр. 9/08), е **итност на постапка**, па во текот на оставинската постапка судот (тоа значи и нотарот кога постапува како повереник на судот) е должен да внимава што побрзо да бидат утврдени и обезбедени правата на учесниците.

Во текот на постапката за расправање на оставината, нотарот по службена должност води сметка, **во својство на полномошник за секој од учесниците, задолжително да учествува адвокат**, во согласност со член 147 став (2) од Законот за нотаријатот (Сл. весник на РМ бр. 72/16, 142/16 и 233/18).

Учесниците во постапката за расправање на оставина, по сопствен избор, можат да овластат и заеднички полномошник адвокат, кој во нивно име ќе презема потребни процесни дејствија во текот на постапката. Полномошното за застапување учесникот го издава писмено или усно на записник кај нотарот, во согласност со член 33 став (1) од Законот за вонпарничната постапка и член 88 став (1) од Законот за парничната постапка (Сл. весник на РМ бр.79/05, 110/08, 83/09, 116/10 и 124/15).

Според член 167 од Законот за вонпарничната постапка, за расправање на оставина, нотарот закажува рочиште и заинтересираните лица ги повикува со покана. Со поканата за рочиште, нотарот ги информира учесниците дека на закажаното рочиште потребно е и задолжително присуство на адвокат во својство на полномошник и истовремено ќе ги предупреди дека можат до завршувањето на постапката да дадат изјава за прифаќање или откажување од наследство и дека ако не дојдат на рочиштето или не дадат изјава, за нивното право ќе одлучи врз основа на податоците со кои располага.

Оставината на умреното лице преминува, по силата на законот, врз неговите наследници во моментот на неговата смрт, во согласност со член 127 од Законот за наследувањето (Сл. весник на РМ бр.47/96). Но, и покрај оваа одредба за преминување на оставината врз наследниците, постои можноста кој било од наследниците да се откаже од наследство на својот дел, со изјава дадена пред судот (нотарот) до завршувањето на расправата на оставината, во согласност со член 128 од Законот за наследувањето.

Според член 10 став (2) од Законот за вонпарничната постапка, рочиштето ќе се одржи и кога одредени учесници, иако уредно повикани, не се присутни, а според член 171 став (3) од овој закон, за правото на учесниците кои не дошле на рочиштето, а се уредно повикани, судот ќе расправа врз основа на податоците со кои располага, земајќи ги предвид нивните писмени изјави што ќе стигнат до донесувањето на решението за наследување.

Имајќи ги предвид цитираните законски одредби, произлегува дека, **фактот што кој било наследник е уредно поканет, информиран и предупреден за неговите права и обврски, а сепак не дошол на закажаното рочиште и не ангажирал адвокат, треба да се толкува како немање волја за откажување од својот наследен дел, и истиот по сила на закон ќе се огласи за наследник на делот што му припаѓа.**

Во ситуација, пак, кога на рочиште ќе се јави учесник без овластен полномошник адвокат, и покрај тоа што за тоа е предупреден со поканата, нотарот ќе ги земе потребните изјави од присутните учесници кои се застапувани од овластен адвокат, а рочиштето ќе го презакаже за одредена дата, при што на учесникот кој е без овластен адвокат на записник ќе му укаже дека е потребно за презакажаното рочиште да се јави заедно со овластен полномошник адвокат, за да може да се расправи оставината.

СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРСМ
Претседател
Нотар Марјан Коцевски с.р.

Во согласност со член 21 став (2) од Правилникот за работа на Стручниот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија, Стручниот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 30.11.2021 година, едногласно гоусвоии Управниот одбор на Нотарската комора на РСМ, на седницата одржана на ден 24.12.2021 година, едногласно го потврди следното:

# ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

**Полноважен е тестаментот составен во законски пропишана форма, од завештател (тестатор) кој има тестаментална способност кој располагал со иден имот во корист на одреден наследник доколку имотот постоел во моментот на неговата смрт, а волјата (намерата) на завештателот (тестаторот) била неспорна, несомнено и јасно изразена во тестаментот**.

## Образложение

Условите за полноважност на тестамент се регулирани во членовите 62 до 65 од Законот за наследувањето (Сл. весник на РМ бр. 47/1996), а тоа се: способноста за составување тестамент, волјата (намерата) на завештателот и формата на тестаментот, кои мора да бидат **кумулативно исполнети** за еден тестамент да биде полноважен во правниот живот.

Во согласност со член 2 од Законот за наследувањето, да се наследуваат можат **предмети и права што им припаѓаат на поединци**. Законот за наследувањето не содржи одредби за располагање со иден имот – имот којшто допрва и во иднина завештетелот ќе го стекне, ниту пак таквата можност изрично ја забранува. Имајќи го предвид уставното начело содржано во член 8 став (2) од Уставот, дека е слободно сè што со Уставот и законите не е забрането и принципот за неприкосновено почитување на волјата на завештателот, во согласност со закон, може да се заклучи дека завештателот е слободен да располага со целокупниот свој имот, без оглед на тоа дали тој имот ќе го стекне пред или по составувањето на тестаментот.

Тестаментот како специфично еднострано правно дело за случај на смрт (mortis causa), претставува основен вид располагање на оставителот (завештателот) со својот имот, а законското наследување е само резервен механизам за расправање на оставинската маса на оставителот, во случај тој да не ја изразил својата последна волја за начинот на распределба. Како таков, со тестаментот завештателот може да располага со својот имот сè до неговата смрт. Тоа предизвикува правно дејство во моментот на смртта на оставителот. Сè до тој момент, завештетелот е слободен да располага со својот имот, по своја слободна волја за време на животот (inter vivos), без какви било ограничувања во врска со тоа што со истиот имот располагал со тестаментот, бидејќи тоа располагање е само во случај на смрт, па доколку со ваквиот имот се располага за време на животот, тој дел од тестаментот нема правна сила. Тоа значи дека, за да се оствари тестаменталното наследување, важно е таквиот имот да постои во моментот на смртта на оставителот (завештателот). Во спротивно, нема тестаментално наследување.

Во согласност со член 96 став (2) од Законот за наследувањето, **наследник врз основа на тестаментот е лице кое го определил завештателот да го наследи целиот негов имот или дел од имотот**, што укажува на тоа дека полноважен е и тестаментот со кој завештателот само со една изјава определил кој ќе биде наследник на целокупниот негов имот што тој го поседувал во моментот на смртта. Имајќи го предвид и член 102 став (1) од овој закон, според кој одредбите од тестаментот треба **да се толкуваат според вистинската намера на завештателот, несомнено** полноважно би било тестаменталното располагање на завештателот со имот кој истиот го немал во моментот на составувањето на тестаментот, но го стекнал потоа, а во тестаментот на јасен и недвосмислен начин ја изразил својата волја одреден тестаментален наследник/наследници да се стекне/стекнат со тој имот.

Во конкретниов случај, вистинската намера на завештателот е неспорна, бидејќи изјавил несомнена и неспорна намера имотот што во иднина ќе го стекне да му/им припадне на определениот тестаментален наследник/наследници. При толкувањето на тестаментот, од јавен интерес е да биде исполнета последната волја на завештателот со која тој располагал со својот имот за случај на смрт.

СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРСМ
Претседател
Нотар Марјан Коцевски с.р.

Во согласност со член 21 став (2) од Правилникот за работа на Стручниот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија, Стручниот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 30.11.2021 година, едногласно го усвои и Управниот одбор на Нотарската комора на РСМ, на седницата одржана на ден 24.12.2021 година, едногласно го потврди следното:

# ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

**При доставување пријава за запишување право на сопственост и други стварни права на недвижности до Агенцијата за катастар на недвижности во согласност со член 99 став (3) од Законот за нотаријатот, нотарот има право на единствена нотарска награда и трошоци за сите дејствија што ги презема по секоја поднесена пријава за упис, и тоа:**

**- нотарска награда во износ од 600 денари за поднесена пријава за запишување, според член 55 став (1) и Нотарската тарифа, и**

**- трошоци направени во нотарското работење во износ од 20 денари за достава на нотарската исправа заради запишување, според член 53 став (2) од Нотарската тарифа.**

**При поднесување на пријавата за упис, нотарот е должен по електронски пат да го плати надоместокот кој е наменет за Агенцијата за катастар на недвижности, за секој упис/пријава одделно, како трошок на постапката кој го поднесува странката.**

## Образложение

**Според членовите 12 став (8) и 99 став (3) од Законот за нотаријатот** (Сл. весник на РМ бр. 72/16, 142/16 и 233/18), нотарот е должен преписот од потврдената исправа или нотарски акт за правна работа врз основа на која се стекнува, престанува, пренесува или ограничува правото на сопственост или друго стварно право, или права за кои се водат јавни книги, заедно со пријавата за запишување и доказите за платен надоместок по електронски пат да ги достави до Агенцијата за катастар на недвижности и до друг орган, односно институција, согласно со закон. Оваа обврска за нотарите е регулирана и **со член 141-в став (5) од Законот за катастар на недвижности** (Сл. весник на РМ бр. 55/13......124/19).

Надоместокот за запишување во Катастарот на недвижности се **наплатува за секоја пријава**, во износ точно определен за соодветното правно дело или промена, како што е регулирано **во член 4 од Тарифникот за висина на надоместок за запишување недвижности кои останале со незапишани права и запишување промени во катастар на недвижности и катастар на инфраструктурни објекти како дел од Катастарот на недвижности** (Сл. весник на РМ бр. 1/15, 4/15, 98/15, 179/17, 220/18 и 295/20), а во врска со член 180 став (1) од Законот за катастар на недвижности, при што со една пријава се поднесуваат промени во една катастарска општина, па доколку со еден правен основ се опфатени промени во повеќе катастарски општини, нотарот е должен за секоја катастарска општина да поднесе посебна пријава.

Според член 62 став (1) од Законот за катастар на недвижности, катастарската општина како основна катастарска единица, по правило, опфаќа подрачје на едно населено место и сите недвижности во рамките на нејзините граници, а според став (3), по исклучок од ставот (1) на овој член, една катастарска општина може да опфаќа подрачје на две или повеќе населени места, дел од населеното место или делови од повеќе населени места.

Соодветно на пресметување на надоместокот за упис во Катастарот на недвижности се пресметува и наплатува нотарската награда и трошоци за преземање дејствија заради запишување во јавни книги, меѓу кои е и Катастарот на недвижности, а се регулирани со Нотарската тарифа (Сл. весник на РМ бр. 226/16 и 33/19). **Според член 55 став (1)** за дејствијата кои нотарот ги презема заради запишување во јавни книги и регистри, по сила на закон или по барање на странка, на нотарот му припаѓа единствена награда **во износ од 600 денари, а според член 53 став (2)** од Нотарската тарифа, кога се работи за достава на нотарски акт или солемнизирана приватна исправа заради запишување на правата во Агенцијата за катастар на недвижности или Централниот регистар на РМ, како трошоци направени во нотарското работење на нотарот му припаѓа и **износ од 20 денари**.

Тоа значи дека кога се врши упис на повеќе катастарски парцели, кои во согласност со член 61 став (1) од Законот за катастар на недвижности **се наоѓаат на една катастарска општина**, нотарот има право на единствена награда и трошоци без оглед на тоа за колкав број на катастарски парцели станува збор. Меѓутоа, кога уписот се врши **на повеќе катастарски општини**, во повеќе одделни постапки, во согласност со член 61 став (3) од Законот за катастар на недвижности, нотарот има право на награда и трошоци **за секој одделен упис/пријава.**

СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРСМ
Претседател
Нотар Марјан Коцевски с.р.

Восогласностсочлен 21 став (2) од Правилникот за работа на Стручниот совет на Нотарската комorана Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 30.11.2021 година, едногласно го усвои и Управниот одбор на Нотарската коморана РМ, на седницата одржана на ден 24.12.2021 година, едногласно го потврди следниот:

# З А К Л У Ч О К

При одмерување на наградата и трошоците на адвокатите и нотарската награда и трошоци, во постапките по нотарските платни налози, **нотарите се должни** да постапуваат согласно со законите и подзаконските акти кои ја уредуваат оваа материја **– Нотарската тарифа и Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите**.

Во постапката по нотарски платен налог, наградата и трошоците на адвокатите и нотарската награда секогаш треба да се одмеруваат правилно, без исклучок, и тоа:

## I.) НАГРАДА И ТРОШОЦИ НА АДВОКАТИ

- Наградата на адвокатот за состав на предлог **за издавање нотарски платен налог, како и приговор против нотарски платен налог**, во предлозите со вредност над 10.001 денари **изнесува 70% од предвидената во точка 2)**, во согласност со член 8–I–точка 4 од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите (пречистен текст).

- Се одмерува зголемена награда 18% за ДДВ, **под услов со предлогот за издавање нотарски платен налог да е доставено решение на УЈП според кое адвокатот е ДДВ-обврзник**, во согласност со член 8-VI-точки 4 и 5 одТарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите;

- **За состав на трошковник, сметано од 2.2.2017 година, на адвокат не му следува награда** бидејќи според член 2 од Одлуката за измена и дополнување на АТ („Сл. весник на РМ" бр.11/17) **за составен трошковник адвокат нема право на награда**. Исто така, овој трошковник не претставува трошок потребен за водење на постапката согласно со член 149 став (1) од Законот за парничната постапка, а трошоците се наведени и во предлогот и во трошковникот одделно.

- **За состав на полномошно, сметано од 2.2.2017 година, на адвокат не му следува награда** бидејќи според член 2 од Одлуката за изменување и дополнување на АТ („Сл. весник на РМ" бр. 11/17), за состав на полномошна со кои е овластен адвокатот за застапување и преземање дејствија во име на властодавецот во сите постапки, **нема право на награда**.

- Материјален трошок на доверителот се одмерува **само ако е приложен доказ - фискална сметка и сл.**;

- За тековна состојба треба да се признава **трошок само за тековната состојба на должникот ако е приложена во оригинал**, а за доверителот нема трошоци за неговата приложена тековна состојба, затоа што тој мора да има своја тековна состојба и да се легитимира во постапката пред нотарот, што е во согласност со член 98 став (3) одЗаконот за парничната постапка;

- Награда и трошок за заверка на фактури се одмерува само доколку тие се приложени заверени, но не и во обична фотокопија, што е спротивно на член 31 од Нотарската тарифа.

## II.) НОТАРСКА НАГРАДА

- За дејствијата за издавање нотарски платен налог **по член 68 став (3) од Законот за нотаријатот на нотарот** му припаѓа награда **во износ од 10% од вредноста на вкупното побарување, но не**

**повеќе од 500 денари**, предвидено со член 27 став (3) од Нотарската тарифа (Сл. весник на РМ бр. 226/16 и 33/2019). Под терминот „вкупно побарување" се подразбира збир на **главниот долг и споредните побарувања** (камата и трошоци во постапката).

Идентично со одредбата на член 68 став (3) од Законот за нотаријатот, и со одредбата на член 27 став (3) не се прави разлика во статусот на должникот (дали е физичко или правно лице).

Исто така, јасно е уредено дека нотарската награда во износ од 10% од вредноста на вкупното побарување **упатува само на исклучоците наведени во член 68 став (3) од Законот за нотаријатот**. Доколку вредноста на вкупното побарување ги надминува износите, односно исклучоците од член 68 став (3), тогаш нотарската награда **се наплаќа во согласност со член 27 став (2) од Нотарската тарифа**.

- **За ставање потврди на правосилност и извршност на решение за издаден нотарски платен налог, сметано од 9.2.2019 година,** на нотарот **не му следува нотарска награда во износ од 220 денари**, бидејќи со измените на Нотарската тарифа (Сл. весник на РМ бр.33/19) е избришан ставот (4) на член 27, во кој беше предвидена таа награда. Оваа измена се однесува на предметите кои по сила на закон станале правосилни и извршни, сметајќи од 9.2.2019 година па натаму.

Додека, пак, за сите предмети кои по сила на закон станале правосилни и извршни пред 9.2.2019 година, нотарот има право на наградата од 220 денари, без оглед на тоа кога го презема дејствието на ставање потврди на правосилност и извршност на решението за издаден нотарски платен налог.

СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРСМ
Претседател
Нотар Марјан Коцевски с.р.

# ГЛАВА IV >>

## ОДЛУКИ ЗА ИЗБОР НА ОРГАНИ НА НОТАРСКА КОМОРА

Врз основа на резултатите од спроведените Избори за органи и тела на Нотарската комора на Република Северна Македонија, Претседателот на Изборната комисија на Нотарската комора на РСМ, на ден 16 април 2022 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ И ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ НА ДИСЦИПЛИНСКИ СОВЕТ НА НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. За членови и заменици-членови на Дисциплинскиот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија од редот на нотарите избрани се:

ЧЛЕНОВИ:

- Трифуновски Филип – нотар од Гостивар, од Апелационо подрачје Гостивар;
- Шеху Муамет – нотар од Скопје, од Апелационо подрачје Скопје;

ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ:

- Јакимоска Николина – нотар од Битола, од Апелационо подрачје Битола;
- Јанева Стевица – нотар од Струмица, од Апелационо подрачје Штип.

2. Мандатот на избраните членови и заменици-членови на Дисциплинскиот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија започнува со денот на конституирање на Дисциплинскиот совет и трае две години.

3. Членовите и замениците-членови на Дисциплинскиот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија своите права и обврски ќе ги остваруваат во согласност со Уставот на РСМ, законските прописи, подзаконските акти, Статутот на Нотарската комора и актите на Комората.

4. Одлуката влегува во сила веднаш по нејзиното донесување.

Изборна Комисија на НКРСМ
Претседател
Аница Цецева с.р.

Во согласност со член 124 став (1) од Закон за нотаријатот, член 23 став (1) точка (ж) од Статутот на Нотарската комора на РСМ и член 7 од Деловникот за работа на Собранието на Нотарската комора на РСМ, на ден 16 април 2022 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. За членови и заменици-членови на Дисциплинскиот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија, по предлог на Судскиот совет на Република Северна Македонија, се избираат::

ЧЛЕНОВИ:

- Антоанета Димовска – судија во Основен граѓански суд - Скопје,
- Субхи Јакупи – судија на Вишиот управен суд.

ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ:

- Љубица Колиќ - судија во Основен граѓански суд - Скопје,
- Ѓилсиме Шабани – судија на Основен суд - Куманово.

2. Мандатот на избраните членови и заменици-членови на Дисциплинскиот совет почнува да тече од денот на конституирање на Дисциплинскиот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија и трае две години.

3. Одлуката влегува во сила веднаш по нејзиното донесување.

Изборна Комисија на НКРСМ
Претседател
Аница Цецева с.р.

Во согласност со член 124 став (1) од Закон за нотаријатот, член 23 став (1) точка (ж) од Статутот на Нотарската комора на РСМ и член 7 од Деловникот за работа на Собранието на Нотарската комора на РСМ, на ден 16 април 2022 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. За член и заменик-член на Дисциплинскиот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија, по предлог на Советот за јавни обвинители на Република Северна Македонија, се избираат:

ЧЛЕН:

- Коле Штерјев - јавен обвинител во ВЈО Скопје и член на Совет за јавни обвинители на РСМ, и

ЗАМЕНИК ЧЛЕН:

- Фиданка Рајевска – јавен обвинител во ВЈО Скопје и член на Совет за јавни обвинители на РСМ.

2. Мандатот на избраниот член и заменикот-член на Дисциплинскиот совет почнува да тече од денот на конституирање на Дисциплинскиот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија и трае две години.

3. Одлуката влегува во сила веднаш по нејзиното донесување.

Изборна Комисија на НКРСМ
Претседател
Аница Цецева с.р.

Врз основа на резултатите од спроведените Избори за членови на Комисијата за спроведување конкурс за именување нотари, Претседателот на Изборната комисија на ден 16 април 2022 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ КОНКУРС ЗА ИМЕНУВАЊЕ НОТАРИ НА НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. За членови на Комисијата за спроведување конкурс за именување нотари на Нотарската комора на Република Северна Македонија од редот на нотарите се избираат:

- Илиевска Лидија – нотар од Пробиштип, од Апелационо подрачје Штип,
- Петровска Ангеловска Александра – нотар од Битола, од Апелационо подрачје Битола.

2. Мандатот на избраните членови на Комисијата за спроведување конкурс за именување нотари на Нотарската комора на Република Северна Македонија трае три години од денот на изборот.

3. Членовите на Комисијата за спроведување конкурс за именување нотари на Нотарската комора на Република Северна Македонија своите права и обврски ќе ги остваруваат во согласност со Уставот на РСМ, законските прописи, подзаконските акти, Статутот на Нотарската комора и актите на Комората.

4. Одлуката влегува во сила веднаш по нејзиното донесување.

Изборна Комисија на НКРСМ
Претседател
Аница Цецева с.р.

Согласно со член 11 став (2) од Закон за нотаријатот (Службен весник на РМ бр. 72/16,142/16 и 223/16) и член 7 од Деловникот за работа на Собранието на Нотарската комора на РСМ, Собранието на Нотарската комора на РСМ, на ден 16 април 2022 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. За членови на Комисијата за спроведување конкурс за именување нотари на Нотарската комора на РСМ се избираат:

- м-р Миљазим Мустафа – член на Судски совет на РСМ, по предлог на Судскиот совет на Република Северна Македонија,

- проф. д-р Наташа Габер Дамјановска – директор на Академијата, по предлог на Академијата за обука на судии и јавни обвинители „Павел Шатев“

- проф. д-р Татјана Зороска Камиловска – редовен професор, по предлог на Правниот факултет „Јустинијан Први“.

2. Мандатот на членовите на Комисијата за спроведување конкурс за именување нотари трае 3 години и почнува да тече од денот на изборот.

3. Одлуката влегува во сила веднаш по нејзиното донесување.

Изборна Комисија на НКРСМ
Претседател
Аница Цецева с.р.

Согласно со член 160 став (2) од Закон за нотаријатот (Службен весник на РМ бр. 72/16,142/16 и 223/16) и член 7 од Деловникот за работа на Собранието на Нотарската комора на РСМ, Собранието на Нотарската комора на РСМ, на ден 16 април 2022 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. За членови на Комисијата за вршење надзор над примената на одредбите од Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам, се именуваат:

- Божинкочева Соња – нотар од Струмица, од Апелационо подрачје Штип,
- Јолакоска Ана – нотар од Скопје, од Апелационо подрачје Скопје,
- Милков Митко – нотар од Кавадарци, од Апелационо подрачје Скопје,
- Незири Ариф – нотар од Тетово, од Апелационо подрачје Гостивар,
- Шазимани Едмонд – нотар од Охрид, од Апелационо подрачје Битола.

2. Мандатот на членовите на Комисијата за вршење надзор над примената на одредбите од Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам трае 4 години и почнува да тече од денот на изборот.

3. Одлуката влегува во сила веднаш по нејзиното донесување.

Изборна Комисија на НКРСМ
Претседател
Аница Цецева с.р.

# ГЛАВА V >>

## ГОДИШНИ ПЛАНОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НАДЗОР

Управниот одбор на Нотарската комора на РСМ, врз основа на член 131 став (1) точка н) и член 122 од Законот за нотаријатот и член 28 од Статутот на НКРСМ, на седницата одржана на ден 18.3.2022 година, донесе:

# ГОДИШЕН ПЛАН

## НА НОТАРСКАТА КОМОРА НА РСМ ЗА ВРШЕЊЕ НАДЗОР НАД РАБОТЕЊЕТО НА НОТАРИТЕ ВО 2022 ГОДИНА

1. До крајот на 2022 година Нотарската комора ќе изврши надзор над работењето на 27 нотари, а ќе го опфати периодот на работењето на нотарите во 2021 година.

2. Списокот на нотари над чија работа во 2022 година ќе биде извршен надзор се утврдува по изготвен список кој е прилог на овој план, како и распоред на вршење надзор од страна на член на Управниот одбор.

Комисиите ќе работат согласно со Правилникот за вршење надзор над работењето и обврските на нотарите и критериумите за постапување при вршењето надзор над работењето и обврските на нотарите во Република Северна Македонија.

3. Доколку се утврди потреба, Управниот одбор ќе подготви преглед-информација за резултатите од спроведениот надзор над работењето на определените нотари заради согледување на потребата од понатамошно стручно оспособување на нотарите.

4. Составен дел од овој план се:

- Список на нотарите над чија работа ќе се врши надзор во 2022 г.;

- Распоред и список на поткомисиите кои ќе вршат надзор.

УПРАВЕН ОДБОР НА НКРСМ
Претседател
Нотар Методија Ристоски с.р.

# СПИСОК НА НОТАРИ
## ЗА ВРШЕЊЕ НАДЗОР НАД РАБОТЕЊЕТО ОД СТРАНА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА НОТАРСКАТА КОМОРА ВО 2022 ГОДИНА

### 1. Апелација Скопје

- нотар **Агрон Арслани** – Скопје
- нотар **Башким Амети** – Скопје
- нотар **Дејан Павловски** – Скопје
- нотар **Сања Бозоска** – Скопје
- нотар **Маја Колева** - Кратово
- нотар **Радица Хаџи Петрушева** - Велес
- нотар **Наталија Кујунџиева** - Кавадарци
- нотар **Марија Лазова Ѓорчева** – Кавадарци
- нотар **Љубинка Јаковлева** - Кавадарци
- нотар **Роза Алексова** – Кавадарци

### 4. Апелација Битола

- нотар **Александра Атанасов** – Битола
- нотар **Симона Талевска** – Битола
- нотар **Емилија М. Стеваноска** – Прилеп
- нотар **Христина Стефаноска** – Прилеп
- нотар **Богданка Бакаловска** – Ресен

### 2. Апелација Штип

- нотар **Славчо Алексов** – Виница
- нотар **Емилија Аџиска** – Берово
- нотар **Невенка Глигорова** – Струмица

### 3. Апелација Гостивар

- нотар **Васка Блажевска** – Тетово
- нотар **Армир Садики** – Тетово
- нотар **Патриша Трајковска** – Тетово
- нотар **Берат Мехмеди** – Гостивар
- нотар **Саша Андоновски** – Гостивар
- нотар **Кристина Петреска** – Кичево
- нотар **Вјоса Лимани Мустафа** – Кичево
- нотар **Вјолца Салиу** – Кичево
- нотар **Мугни Бајро** – Дебар

Врз основа на член 146 став (7) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (Службен весник на РМ бр.120/18, 275/19 и 317/20) и член 160 став (4) од Законот за нотаријатот (Службен весник на РМ бр.72/16, 142/16 и 233/18), Комисијата на Нотарската комора на РСМ за вршење надзор над примената на одредбите од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, на седницата одржана на ден 16 февруари 2022година, донесе:

# ГОДИШЕН ПЛАН

## за 2022 година за вршење надзор над примената на мерките и дејствијата за спречување перење пари и финансирање на тероризам од страна на нотарите

1. Во текот на 2022 година Комисијата ќе врши надзор над примената на одредбите од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам на следниот начин:

а) Комисијата ќе врши ad hok надзор по сопствена иницијатива, врз основа на претставки на странки, на нотари и други службени лица, ако тие содржат основано укажување дека е извршена сомнителна трансакција.

б) Систематското вршење надзор од аспект на спречување перење пари Комисијата ќе го врши на тој начин што ќе бидат формирани 5 (пет) поткомисии составени од по 2 (два) члена на оваа Комисија, кои во текот на 2022 година непосредно ќе извршат надзор над работењето на 16 (шеснаесет) нотари, и тоа 6 (шест) нотари ќе бидат опфатени во првото полугодие и 10 (десет) нотари во второто полугодие.

Надзорот во 2022 година ќе се изврши според следната класификација на нотарите по градови:

- 3 нотари од подрачјето на Град Скопје,
- 3 нотари од Битола,
- 1 нотар од Струмица,
- 1 нотар од Тетово,
- 2 нотари од Дебар,
- 2 нотари од Гостивар,
- 1 нотар од Кичево,
- 2 нотари од Прилеп и
- 1 нотар од Ресен.

При вршењето на надзорите вниманието главно ќе биде насочено кон:

- Извршување на должностите од член 54 ставовите (1), (3) и (6) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам за доставување податоци за сомнителни трансакции до Управата за финансиско разузнавање;

- извршување на должностите од член 53 став (1) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам за доставување на собраните податоци од извршените трансакции во вредност од 15.000 евра или повеќе до Управата за финансиско разузнавање, на крајот на денот во електронска форма;

- применување на индикаторите за анализа на ризикот и за препознавање на сомнителните трансакции;

- спроведување процедура на анализа на клиентот во согласност со член 12 од Законот,

- изготвување и ажурирање на Проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам со цел да ги идентификуваат, проценат, разберат и да ги намалат ризиците од перење пари и финансирање на тероризам во согланост со член 10 од Законот,

- вршење проценка на ризикот врз основа на интерната процедура за анализа на ризик која е составен дел на програмата и врз основа на индикаторите изготвени од Управата,

- вршење идентификација на клиентите и потврдување на нивниот идентитет и идентификација и потврдување на идентитетот на вистинскиот сопственик во согласност со членовите 15, 16, 17 и 18 од Законот,

- задржување копија во хартиена и/или електронска форма од документот за идентификација на физички и правни лица во согласност со член 16 став (5) од Законот,

- чување копии од документите со кои го потврдува идентитетот на клиентот, ополномоштувачот или вистинскиот сопственик, копии за спроведените процедури за анализа на клиентот или вистинскиот сопственик, копии за реализираните трансакции или трансакциите во обид, клиентските досиеја и деловната коресподенција најмалку 10 (десет) години во согласност со член 51 од Законот,

- задржување доказ дека плаќањето со готовина во износ од 3.000 евра или повеќе во денарска противвредност, во вид на една или повеќе очигледно поврзани трансакции, е извршено преку банка, штедилница или преку сметка во друга институција која дава платежни услуги, во согласност со член 48 и член 182 став (2) од Законот,

- примена на Програмата за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам, во согласност со член 11 и член 175 став (3) од Законот,

- вршење внатрешна контрола над спроведувањето на мерките и дејствијата за спречување перење пари и финансирање на тероризам, во согласност со член 58 од Законот,

- вршење обука на вработените во согласност со член 11 став (1) алинеја 12 и член 57 став (12) од Законот, и

- именување на овластено лице и негов заменик во согласност со член 57 став (1) од Законот и известување до Управата во согласност со член 57 став (13) од Законот.

Притоа, во записниците од извршените надзори задолжително ќе се утврдува наод и мислење во врска со обврската на нотарите за спречување перење пари и, во зависност од наодите, Комисијата ќе преземе соодветни мерки согласно со законот и за тоа ќе ја извести Управата за финансиско разузнавање.

2. Комисијата задолжително ќе изврши контрола над работењето на нотарот по образложено барање на Управата за финансиско разузнавање и ќе ја извести за резултатите од извршената контрола.

3. Комисијата редовно, а најмалку еднаш годишно, ќе ги известува Управниот одбор и Собранието на Нотарската комора за примената на Законот и Програмата за примена на мерки и дејствија за спречување перење парии финансирање на тероризам од страна на нотарите, врз основа на извршениот надзор и наодите во врска со спречувањето перење пари.

4. Комисијата ќе ги извести Претседателот на Комората, Управниот одбор и Дисциплинскиот совет доколку утврди дека постои основано сомнение за сторено кривично дело или прекршок на перење пари од страна на нотар или негов соработник.

5. Комисијата ќе ја усогласува и координира својата работа со Управата за финансиско разузнавање во врска со спроведувањето на мерките и дејствијата за спречување перење пари и други казниви дела.

Составен дел на овој Годишен план е и Списокот на нотари на кои треба да се изврши надзор над работењето во 2022 година во делот на примена на одредбите од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

НОТАРСКА КОМОРА НА РСМ
Комисија за вршење надзор над примената на
Законот за спречување перење пари и
финансирање на теоризам

Претседател
Нотар Мери Весова с.р.

# СПИСОК НА НОТАРИ

## на нотари на кои треба да се изврши надзор над работењето во 2022 година во делот на примена на одредбите од Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам

## 1. Апелација Скопје

- **ДЕЈАН ПАВЛОСКИ** – Скопје
- **САЊА БОЗОСКА** – Скопје
- **АНДРИЈАНАЃОРЃЕСКА** – Скопје

## 2. Апелација Битола

- **АЛЕКСАНДРА АТАНАСОВ** – Битола
- **СИМОНА ТАЛЕВСКА** – Битола
- **НИКОЛИНА ЈАКИМОСКА** - Битола
- **ЕМИЛИЈА МАРКОСКА СТЕВАНОСКА** - Прилеп
- **ХРИСТИНА СТЕФАНОСКА** – Прилеп
- **БОГДАНКА БАКАЛОВСКА** – Ресен

## 3. Апелација Штип

- **НЕВЕНКА ГЛИГОРОВА** – Струмица

## 4. Апелација Гостивар

- **ПАТРИША ТРАЈКОВСКА** – Тетово
- **РУЖДИЈА АБДУЛАИ** – Дебар
- **МУГНИ БАЈРО** – Дебар
- **ВЈОЛЦА САЛИУ** – Кичево
- **САША АНДОНОВСКИ** – Гостивар
- **БЕРАТ МЕХМЕДИ** – Гостивар

# ГЛАВА VI >>

## ЈАВНИ ОПОМЕНИ

## ДП. бр. 3/2021

Нотарската комора на Република Северна Македонија, во согласност со членовите 139 став (2) и 146 став (1) од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ“ бр. 72/16, 142 и 233/18), **објавува** дека со конечното решение на Дисциплинскиот совет при Нотарската комора на Република Северна Македонија, Д. П. бр. 3/21 од 16.12.2021 година, спрема нотарот Б. А. за подрачје на Основните судови на градот Скопје, за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот – „непридржување кон законските одредби во однос на формата на нотарската исправа“, е изречена единствена дисциплинска мерка – **јавна опомена**.

## ДП. бр. 4/2021

Нотарската комора на Република Северна Македонија, во согласност со членовите 139 став (2) и 146 став (1) од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ“ бр. 72/16, 142 и 233/18), **објавува** дека со конечното решение на Дисциплинскиот совет при Нотарската комора на Република Северна Македонија, Д. П. бр. 4/21 од 25.2.2022 година, спрема нотарот Л. К. за подрачје на Основните судови на градот Скопје, за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 3) од Законот за нотаријатот – „неуредно водење на нотарските деловни книги“, е изречена единствена дисциплинска мерка – **јавна опомена**.

## ДП. бр. 1/2022

Нотарската комора на Република Северна Македонија, во согласност со членовите 139 став (2) и 146 став (1) од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ“ бр. 72/16, 142 и 233/18), **објавува** дека со конечното решение на Дисциплинскиот совет при Нотарската комора на Република Северна Македонија, Д.П. бр. 1/22 од 25.2.2022 година, спрема нотарот Е. М. за подрачје на Основните судови на градот Скопје, за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот – „непридржување кон законските одредби во однос на формата на нотарската исправа“, е изречена единствена дисциплинска мерка – **јавна опомена**.

НОТАРСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Методија Ристоски с.р.

www.nkrm.org.mk | e-mail: contact@nkrm.mk